**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Дваесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 септември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,23 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Дваесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Амди Бајрам, Благородна Дулиќ, Миле Андонов, Фијат Цановски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

За седницата известени и поканети се Претседателот на Републиката, претседателот на Владата на Република Македонија, членовите на Владата на Република Македонија, овластениот претставник на предлагачот на Предлогот за донесување на законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон.

Записниците од 3-та, 4-та, 6-та и 7-та седница на Собранието, ви се доставени.

Дали има некој забелешки на записниците.

Бидејки нема забелешки, констатирам дека записниците од 3-та, 4-та, 6-та и 7-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе законот за ратификација на Рамковниот договор меѓу Република Македонија и Европската инвестициона банка за регулирање на активностите на Европската инвестициона банка во Република Македонија.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постпка.

Има збор заменик министерот за надворешни работи. Повелете.

**Зоран Петров:** Благодарам претседателе.

Се работи за неодложна потреба за итна примена на веќе преземени меѓународни обврски. Оттаму Ратификацијата на овој договор сметаме дека треба да оди по итна постапка.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе овој закон, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, за предлогот гласаа 59 пратеници, од гласањето се воздржа 1, против гласаа 2 пратеници.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Динески, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски, Радмила Шекеринска, предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за донесување на закон за социјална заштита од енергетска сиромаштија, со Предлог на закон.

Молам еден од предлагачите да ја образложи основната и неодолжна потреба овој закон да биде разгледан на оваа седница.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници, после носењето на катастрофалниот лош Закон за енергетика и неусогласен со европските директиви, повеќе од очигледно е дека ќе дојде до поскапување на електричната енергија.

Законот за енергетика, по сите оценки, е дискриминирачки, ја загрозува безбедноста на снабдувањето со електрична енергија и според сите експерти ќе предизвика сериозни проблеми кај потрошувачите.

Европската комисија со свој официјален став кажа дека не дава согласност за овој закон за енергетика.

Во сите обиди за носење на овој закон опозицијата предупредуваше дека со овој закон само ќе се поскапи електричната енергија и ќе се легализира корупцијата во секторот за енергетика.

На нашите обвинувања, потпретседателот на Владата и лидер во енергетскиот сектор, господинот Зоран Ставревски рече: “Уверувам дека струјата нема да поскапи. ММФ дава совети, но Владата има своја позиција. Земајќи ја предвид социјалната компонента Владата ќе најде механизми да не дојде до влошување на финансиската состојба на ЕЛЕМ и МЕПСО. Ќе се направи прераспределба на буџетски средства, ќе се плати недостигот од струја”.

За разлика од вице премиерот Ставревски, премиерот Груевски вели: “Цената на струјата ќе се зголеми за 16% и барањето на ЕЛЕМ за зголемување на цената на електричната енергија е оправдано и неизбежно”.

Сепак ако погледнете колкаво е барањето за покачување на електричната енергија од ЕЛЕМ, ќе видите дека тоа покачување за барање, од ЕЛЕМ е 77%, без разлика што нивниот директор не убедуваше дека до тоа нема да дојде.

Господинот Ставревски, кога не се потпишуваше Законот не убедуваше дека со 135 илјади евра секојдневно се губат од непотпишувањето на Законот, или 50 милиони евра годишно.

Ние бараме да се донесе закон со кој на најсиромашните во земјата ќе им се обезбеди електрична енергија која ќе се покрива од страна

на државата. Тоа го бара и точка 5 член 3 од Европската директива 54 од 2003 година.

Не постои закон за енергетика кој предвидува либерализација на пазарот на електрична енергија без заштита на нај загрозените социјални слоеви во државата. Тоа можете да го прочитате и денес во Утрински весник каде што и Британската Влада најавува план за заштита на најзагрозените.

Затоа предлагаме, бидејќи очигледна е најавата од страна на премиерот, да се донесе овој закон по итна постапка, за да не може граѓаните да ги плаќаат сите грешки на оваа Влада на ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на пратениците овој закон да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 79 пратеници, за предлогот гласаа 21 пратеник, нема воздржани, против гласаа 58 пратеници.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседател и членови на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата господинот Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Поради потреба од што поскоро основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија односно заради остварување на билатерална парламентарната соработка, Комисијата за прашања на изборите и именвуањата на Собранието на Република Македонија, на седница одржана на 15 септември 2008 година утврди Предлог одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави.

Предлагам, согласно член 70 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, овој предлог на Комисијата да се внесе во дневниот ред на 23-та седница на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 79 пратеници, за предлогот гласаа сите 79 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави.

2. Предлог на одлука за надомест на трошоците на организаторите на изборната кампања во чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија.

3. Предлог на закон за закон за ратификација на Рамковниот договор меѓу Република Македонија и Европската инвестициона банка за регулирање на активностите на Европската инвестициона банка во Република Македонија.

4. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската федерација за услови на взаемни патувања на државјаните на Република Македонија и на Руската федерација, со Предлог на закон.

5. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Словачка Република за меѓународен патен превоз на патници и стока, со Предлог на закон.

6. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија од една страна и европските заедници и нивните земји-членки, од друга страна, за да се земе предвид пристапувањето на Република Бугарија и Романија во Европската унија, со Предлог на закон.

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите, со Предлог на закон.

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука, со Предлог на закон.

9. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за ученички стандард, со Предлог на закон.

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за странците, со Предлогот на закон.

11. Предлог за донесување на закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон.

Дали има предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред? (Нема)

Ги повикувам пратениците кои имаат предлози за изменување или дополнување на дневниот ред, да се пријават за збор? (Никој не се пријавува). Благодарам.

Предложениот дневен ред го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По предложениот дневен ред вкупно гласаа 78 пратеници, за гласаа 63 пратеници, воздржани нема, против гласаа 15 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пред да преминеме на расправа по точките од дневниот ред, ве потсетувам дека согласно член 80, став 2 и 3 од Деловникот на Собранието, пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот.

Предлагачот и координаторите на пратеничките групи може да се пријават за збор и во текот на претресот.

Листата на пратеници не може да се менува и да се дополнува во текот на претресот.

Едновремено ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието, пратеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото на правото на збор по претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути. Известителот на матичното тело и на Законодавно-правната комисија 10 минути и координаторот на пратеничката група и предлагачот може да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

**Минуваме на точка 1 - Предлог одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по текстот на Предлогот на одлуката, да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 82 пратеници. Сите 82 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собрание ја донес Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави.

**Минуваме на точка 2 - Предлог на одлука за надомест на трошоците на организаторите на изборната кампања во чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по текстот на Предлогот на одлуката, да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 80 пратеници. За Предлогот на одлуката гласаа сите 82 пратеници. Нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собрание ја донес Одлуката за надомест на трошоците на организаторите на изборната кампања во чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точка 3 - Предлог на закон за закон за ратификација на Рамковниот договор меѓу Република Македонија и Европската инвестициона банка за регулирање на активностите на Европската инвестициона банка во Република Македонија.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по текстот на Предлогот на законот, да се пријават за збор.

За збор се јави господинот Марјанчо Николов, но претходно има процедурално истиот пратеник.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата, се јавив процедурално по однос на оваа точка да побарам од вас претседателе доколку е можно да обезбедите присуство на претставник од Министерството за финансии, бидејќи овој Договор за ратификација помеѓу Европскта инвестициона банка, за регулирање на нејзините активности во Република Македонија, го добивме

по итна постпка, значи повторно на некој начин немавме можност доволно добро да го проучиме.

Од она што можевме да го прочитем за ова кратко време, со овој Договор произлегуваат многу финански отворени прашања, кои предизвикуваат отворени дилеми кај нас. Би сакале да дојде претставник од Министерството за финансии за да можеме дел од ове наши видувања да ги расчистиме со претставници од Министерството за финансии. Овој Договор претставникот од Министерството за надворешни работи го воделе само како процедура, да речеме како странка што официјално ја води постапката околу склучувањето на овие договори. Меѓутоа, суштината е финансиска и според наше видување отвара многу прашања за кои што би сакале да разговараме со претставник од Министерството за финансии, како би можеле да одлучиме како ќе гласаме.

Исто така, овде во предлогот за донесување на закон по итна постапка стои дека причината за донесување на законот по итна постапка е наведена во дописот од Секретаријатот за европски прашања број 11-1615/1 од 20-ти август 2008 година.

Мислам дека го немаме тоа добиено во прилог. Би замолил исто така, тоа да го добиме во прилог, бидејќи ни е потребно за нашата дискусија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Во однос на барањето да има претставник од Министерството за финансии, сакам да укажам дека согласно Деловникот доволно е што има еден претставник, како што е наведено од Владата. Таму има претставници кои се нведени: господинот Антонио Милошоски, Трајко Славески, Зоран Петров и Недим Рамизи. Со присуството на овие четворица се задоволува деловничката одредба. Дали од Министерството за финансии во меѓувреме ќе дојдат, за да може, како што вие велите да дебатирате, тоа е веќе нивно право. Инаку сите се поканети. Јас како што знам, министерот за финансии не е тука, затоа веројатно, не може да присуствува на оваа седница. Со оглед на тоа, не можам во однос на вашето барање, за претставник од Министерството за финансии да биде присутен тука, да ви удоволам.

Продолжуваме по однос со збор.

Има збор господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Претседателе, ако не е тука министерот, веројатно има заменик министер за финансии, а овде во Договорот стои потписот на Трајко Славески, како министер за финансии. Имав уште едно барање до вас, а тоа е мислењето од Секретеријатот за европски прашања по однос на итноста за донесување на оваа ратификација. Би ве замолил ако може да ја обезбедите истата, како би биле потполни материјалите, онака како што сте ги навеле дека треба да ги добиеме, а го немаме тоа, пред да продолжам со дискусијата.

**Трајко Вељаноски:** Јас ви дадов збор, вие продолжете. Имате збор.

**Марјанчо Николов:** Очигледно дека сакате не знам од кои причини да ја избегнете дебатата по однос на оваа точка. Веројатно и затоа сте се решиле да ја поднесете по итна постапка, без да има можност повторно работните тела да расправаат за истата, а сами веќе најавивте во интервју за радио “Слободна Европа” дека ќе ја избегнувате ваквата постапка за донесување ратификации и закони во Собранието.

**Трајко Вељаноски:** Господине Николов Марјанчо, имате збор, зборувајте по законот.

**Марјанчо Николов:** Јас зборувам по законот.

**Трајко Вељаноски:** Стопирај го времето.

За информативно, овој Предлог закон јас го имам добиено на 4.09-ти, а седницата ја закажувам на 16.09-ти, значи има 12 дена.

Во однос на предлагачите, предлагачи се Владата на Република Македонија, не сум јас предлагач и тие се предлагачи овој закон да се донесе по итна постапка. Затоа ве молам, забелешката во однос на моја страна не држи и продложете по однос за збор по оваа точка од дневниот ред по самиот закон. Повелете.

**Марјанчо Николов:** Ви благодарам претседателе, бидејќи не давате по втор пат процедурално, ќе мора и во рамките на овие 10 минути некои работи да ги расчистиме. Ако сте го добиле на 4.09-ти, не сметало ништо, бидејќи во Деловникот 5 дена пред седницата заседаваат работните тела, имало доволно време да го добиеме материјалите и работните тела да заседаваат по однос на оваа ратификација, бидејќи вие најдоцна во рок од 30 дена треба да го ставите законот на дневен ред.

Би сакал, бидејќи очигледно ќе немаме дијалог, туку повторно само со волјата на мнозинството, едноставно со притискање на копчето без дискусија да се усвои оваа ратификација, би сакал да го запрашам претставникот Министерството за надворешни работи, на кој начин Европската инвестициона банка добива ваков поголем третман во Република Македонија и кои се причините за тоа, бидејќи ако досега Европската инвестициона банка во Република Македонија се јавувала само во својство на давање на кредитор за давање на заеми за одредени проекти и се создавале кредитни односи меѓу Република Македонија и Европската инвестициона банка, вие сега предлагате да се донесе оваа Ратификација со која што таа добива својство на правно лице. Претседателе би ве замолил за тишина.

**Трајко Вељаноски:** Колеги пратеници, би требало да го сослушаме колегата. Ве молам за тишина.

**Марјанчо Николов:** Значи, добива својство на правно лице, со сите права што произлегуваат од законите на Република Македонија, меѓутоа, би сакал да расчистам околу обврските на Европската инвестициона банка. Би сакал

претставникот на Владата да ни го објасни членот 3, оданочување на Банката, каде што јасно стои дека каматата и сите други плаќања што и се должат на Банката и што произлегуваат од активностите предвидени со овој Договор, како и приходите на Банката поврзани со таквите активности и средства на Банката се ослободени од оданочување. Ниту една активност на Банката на територијата на земјата примач предвидена со овој Договор самата по себе не ја прави Банката и нејзините сердства подложни на оданочување. Значи, банката се предлага да биде ослободена од оданочување за своите активности во Република Македонија. и се дава право од друга страна да учествува на македонската берза на хертии од вредност да купува хартии од вредност и се дава право да тргува со подвижен и недвижен имот во Република Македонија и дали на овој начин на оваа Банка не и се дава привилегирана позиција на пазарот во однос на другите банки во Република Македонија, или на другите правни субјекти кои што тргуваат со имот, кои што примаат, или тргуваат со хартии од вредност.

Исто така би сакал, претставникот на Владата да ми го објасни членот 8 во кој што стои дека средствата на Банката се иземени од пребарувања и сите форми на експропријација. Ако вие донесовте Закон за експропријација, ако процени Владата дека тоа е државен интерес, да може да експропеира правни лица во Република Македонија, а сега на Банката и давате својство на правно лице, што значи оваа одредба во овој Договор за ратификација. Потоа под б) од наметнување или водење каква било извршна мерка или запленување, пред доделување конечна правосилна пресуда против Банката, донесена од суд со соодветна надлежност.

Значи, повторно овозможувате една привилегирана положба на оваа Банка, само затоа што, не знам од кои причини, не можеме да ги објасниме.

Исто така, на нивните претставници им се дава имунитет од активностите што ги вршат во Република Македонија како претставници на Банката. Дали исто така е пракса со меѓународни договори да се даваат вакви поволности на вработените во Европската инвестициона банка

(во салата влегува група пратеници и има реакции од страна на пратениците)

**Трајко Вељаноски:** Службите ќе средат. Продолжете господине Николов.

**Марјанчо Николов:** Господине претседателе ако навистина имате интенција на она што го кажувате во вашиот говор на Парламентот да му го воздигнете дигнитетот и да биде храм на демократијата (се слушаат реакции од пратеници)

**Трајко Вељаноски:** Продолжете господине Марјанчо. Ги молам пратениците да ги заземат своите места за да можеме да го сослушаме колегата, повелете.

**Марјанчо Николов:** Да заклучам бидејќи очигледно дека повторно за оваа Ратификација ќе се дебатира не само во Собранието туку и во јавноста, би сакал претставникот на Владата, накратко да објасни од кои причини на Европската инвестициона банка и се дава својство на правно лице и и се даваат такви поволности во однос на тргувањето на берзата на хартии од вредност, на прометот наподвижен и недвижен имот во Република Македонија и зошто од кога добила Европската инвестициона банка од Европската комисија дополнителни гаранции од ризик за своите средства кои што ќе ги финансираат во земји надвор од Европската унија, тие се решиле да подготват нов Рамковен договор помеѓу Банката и Република Македонија. Кои се поволниосите на Република Македонија од ваквиот Договор. Дали тоа не е на штета на другите субјекти во Република Македонија. Би го замолил претставникот на Владата да одговори на овие прашања.

**Трајко Вељаноски:** Ако завршивте господине Николов, со оглед на тоа што кажавте, нешто што не е вистина, сакам да ве исправам. Законот е доставен на време до пратениците и врз основа на тоа Комисијата за надворешна политика има расправано по законот и има извештај поднесено до Собранието. Тој извештај ви е поделен. И покрај тоа што е по итна постапка побарано од Владата, овој закон е разгледуван од Комисијата и врз основа на тоа е доставен извештај до Собранието на Република Македонија. Инаку, вие кажавте дека немало рагледување од страна на Комисијата и немало извештај.

Процедурално се јави господинот Имер Селмани, повелете.

Се извинувам господине Селамани, од моја страна имаше исправка спрема господинот Марјанчо Николов, да заврши тој од негова страна со процедуралното, па вам ќе ви дадам збор. Повелете.

**Марјанчо Николов:** Претседателе навистина ми е жал, што на ваков начин го водите Парламентот. На секој начин се обидувате да ја избегнете дебатата во Собранието на Република Македонија. Било за што да реагираме, било што да побараме, јас не сакам оваа точка да доведе до дебата околу процедурални забелешки. Ние баравме претставник од Владата да ни ги објасни импликациите за оваа ратификација во однос на интересите на Република Македонија. зошто даваме повластена позиција и имунитет на вработените во банката од дејностите што ги прави во Република Македонија. Кој е тука интересот на Република Македонија. вие не оставивте простор за дебата. Сега ми велите Комисијата ги разгледувала, па не ги разгледувала. Ако е по итна постапка, е по итна постапка. Ако не е по итна постапка, тогаш вратете го на работните тела. Треба ова да го гледа и финансии и буџет, треба да го гледа и економски прашања, ако сакате и редица други институции. Баравме дебата за оваа точка. Не

баравме вие да ја надгласате, или процедурално што имате право по Деловникот да ми реплицирате. Значи, бараме одговори. Мене не ми е интерес јас да се расправам со вас 10 минути . Сакаме одговор од Владата .Таа е предлагач на овој закон. Барам да дојдат да ни објаснат, кој е интересот на Република Македонија , со тоа што ќе го ратификуваме. Зошто им даваме имунитет. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Процедурално има госпдинот Имер Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани граѓани на Република Македонија, ја известувам пошироката јавност и граѓаните дека од овој момент моето политчко постапување во Парламентот на Република Македонија ќе биде како независен пратеник со политиката на Новата демократија и ќе биде во согласност со потребите и политиката која е во однос на интересот на Албанците во Република Македонија и интересот на сите граѓани. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За процедурално се јави госпдинот Сулејман Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Почитуван претседател на Парламентот, почитувани пратеници, почитувани колеги, граѓани, почитувани претставници на медиумите, ја известуваме јавноста дека од овој момент ќе дејствувам во парламентот на Република Македонија како независен пратеник, артикулирајќи ги тука политиките нанмовиот политички субјект- Нова демократија.

Тоа што го опфаЌа овој политички субјект го спомна и пратеникот Имер Селмани кој исто времено е и претседател на иницијативниот совет за основањето на оваа партија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Процедурално господинот Зимбери Абедин. Повелете.

**Абедин Зимбери:** Почитуван претседателе, почитуванио пратеници, почитувани колеги и граѓани на Република Македонија.

Од денес, како пратеник, ќе дејствувам како независен прастеник во рамките на овој параламент, презентирајќи ја политиката на еден нов политичКи субјект - Нова Демократија, чија политика ќе ја спроведуваме.

Уште една го поздравувам сите присутни и благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е осцрпена листата за пријавени зазбор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 76 пратници, за гласаа 60, воздржани 11, против гласаа 5 пратеници.

Констатирам Собранието го донесе Законот за ратификација на Рамковниот договор меѓу Република Македонија и Европската инвестициона банка за регулирање на активностите на Европската инвестициона банка во Република Македонија.

**Минуваме на точка 4 - За донесување на закон за ратифиакција на спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската федерација, со предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам пртрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по предлогот за донесување на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за услови на заемни патувања на државјаните на Република Македонија и на Руската Федерација.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 75 пратеници, од нив за предложениот заклучок гласаа 75 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеници, од нив за предлогот гласаа сите 73 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот на текстот на Предлогот на законот, да се пријават за збор.

(Тече минута на чекање)

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 72 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа сите 72 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на

Република Македонија и Владата на Руската Федерација за услови на заемни патувања на државјаните на Република Македонија и на Руската Федерација.

**Минуваме на точка 5 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Словачка Република за меѓународен патен превоз на патници и стока, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот, да се пријават за збор.

(Тече минута на чекање)

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Словачка Република за меѓународен патен превоз на патници и стока.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеници, од нив за предложениот заклучок гласаа сите 73 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, од нив за предлогот гласаа сите 70 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот на текстот на Предлогот на законот, да се пријават за збор.

(Тече минута на чекање)

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 75 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа 73 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, а против гласаа двајца пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Словачка Република за меѓународен патен превоз на патници и стока.

**Минуваме на точка 6 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија од една страна и Европските заедници и нивните земји членки од друга страна за да се земе предвид пристапувањето на Република Бугарија и Романија во Европската унија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот, да се пријават за збор.

(Тече минута на чекање)

Благодарам.

За збор се пријавени господинот Јани Макрадули и госпоѓа Цветанка Иванова.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Вчера на 15 септември на Денот на демократијата во светот каде што по зборовите на господинот Боцевски овде во Собранието политичкиот дијалог е институционализиран. Очекувам, барем за оваа точка, заменикот министер да ни одговори на некои прашања кои оваа ратификација ги нуди.

Јас нема да ја искористам оваа ратификација да зборувам каде беа Бугарија и Романија во однос на Македонија, каде отидоа, ние сеуште се занимаваме со процентите на нашиот вицепремиер за евроинтеграции додека ние се обидуваме да ја скриеме вистината, другите држави отидоа напред.

Моето прашање се однесува дека оваа ратификација ги дефинира за пратениците кои случајно не ја прочитале ратификацијата, ако има такви, се однесува на дел од квотите што Република Македонија за различни земјоделски производи ги има по потпишувањето или по пристапувањето на Романија и Бугарија во Европската унија како нови субјекти од Европската унија.

Затоа моето конкретно прашање е дали квотите што сме ги имале во билатералниот договор меѓу Македонија и Романија и Македонија и Бугарија за вино, за месо, за млеко остануваат исти или можеби се намалени. Како нашите од страна на Владата испреговарале и ги договориле квотите кои се наведени во оваа ратификација.

Или, ако го погледнеме членот 5 во Договорот за вино, дали имаме информации за процесот на преговори кои се водат за контрола на имињата

на вината и името на потеклото на виното од кој регион доаѓа.

Според мои информации има проблеми во означувањето на географското потекло на регионот од кој доаѓа виното од Република Македонија.

Затоа, повикувајќи се на заложбите за еден дијалог очекувам заменикот министер да ни образложи, бидејќи нема претставник од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, од Министерството за економија како и во кој процент се задржани квотите што сме ги имале во билатералните договори со Романија и Бугарија на сметка на потпишување на влегувањето на Романија и Бугарија во Европската унија.

Тоа ќе ни помогне не само нам, туку пред се и на граѓаните односно на производителите да знаат да си го планираат своето производство и нивните трговски размени со Бугарија и Романија, каде, тоа е општо познато, голем дел од виното се извезува во Бугарија, но, за жал, се оди под нивна етикета, заради количеството што го имаат тие договорено.

Затоа очекувам во интерес на јавноста, транспарентноста да добиеме информации за овие прашања што тука ги поставуваме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Навистина денеска на дневен ред се ставени две ратификации кои се особено важни за живеењето на граѓаните на Република Македонија, но ние ниту како опозиција ниту граѓаните на Република Македонија не добија ниту еден збор образложение од најповиканите - предлагачите за да можеме да знаеме што или како ќе се одразат на севкупното живеење и имплементација на овие две ратификации.

Вчера навистина беше Ден на демократијата во Република Македонија, меѓународен ден и во Собранието секако ја почувствувавме, но ја почувствувавме само со формалниот влез на граѓаните инаку, начинот на работа на ова Собрание си продолжува исто, ништо не се менува, пратениците од парламентарното мнозинство молчат за важни работи, ние поставуваме прашања, не добиваме никаков одговор, наидуваме на ѕид на молчење. Мислам дека ова навистина не е демократија, ова е играње на демократија.

Почитуван господине претседател, јас во најмала рака очекував дека денеска по оваа точка во Собранието ќе бидат и министерот за економија и министерот за земјоделие за да објаснат пред се не на опозицијата, туку на граѓаните на Република Македонија што ќе значи оваа ратификација на овој Договор помеѓу Република Бугарија и Република Романија секако и Република Македонија.

Денеска прекутно позицијата сака да ја помине оваа ратификација. Ние ќе ја подржиме оваа ратификација, но граѓаните на Република Македонија треба да знаат како ќе се одвива трговскиот промет помеѓу правните субјекти, помеѓу физичките лица кои имаат право да извезуваат помеѓу Република Македонија и Република Бугарија по донесувањето на овој закон за ратификација на Протоколот.

Како јавноста или граѓаните треба да знаат како ќе одат нашите производи, дали ќе бидат нашите производи или како ќе одат дали ќе бидат заштитени кога ќе одат во трговскиот промет во Република Бугарија и Република Романија. Република Бугарија посебно ја потенцирам затоа што од она што е мое сознание дека ние имаме богат економски живот или промет помеѓу Република Бугарија и Република Македонија. Дали Република Македонија ќе ги заштити своите производи и дали ќе гради брендови, дали ние ќе бидеме правните лица под каков третман ќе се најдат со заклучување на овој закон за ратификација.

Значи, бројни неодговорени прашања. Овој Парламент е дом на демократијата. Во овој Парламент треба да се зборува за прашањата кои ги тангираат граѓаните и да се изнаоѓаат подобри решенија. Јас знам дека не можеме да го промениме овој закон за ратификација, но знам дека денеска требаше да им објасниме на граѓаните на Република Македонија што оваа ратификација ќе промени во начинот на однесување во тргувањето, во прометот кој така досега се одвивал, значи што ќе се смени во иднина при прометот на стоки особено на земјоделски производи и очекував, особено пратениците од Изборната единица 4 да побараат објаснување и да се каже на граѓаните што понатаму ги очекува овој регион како најземјоделски, а секако и останатите подрачја каде навистина населението се занимава со земјоделие. Мислам дека вака тешко ќе можеме да работиме.

Ние ќе поставуваме и понатаму прашања, а вие ќе молчите. Но, јавноста ќе биде ускратена од запознавање што се случува во Собранието, какви закони се носат, како ќе се имплементираат врз нивните грбови, да речам, и на крајот секако јавноста ќе оцени кој што прави во ова Собрание. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија од една страна и Европските заедници и нивните земји-членки, од друга страна, за да се земе предвид пристапувањето на Република Бугарија и Романија во Европската унија.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници. Од нив за предложениот заклучок гласаа сите 65 пратеници. Против не гласаше никој, воздржан не гласаше никој.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници. Од нив за предлогот гласаа сите 64 пратеници, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Има збор Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Навистина ако сте за градење на демократија и дијалог во Собранието на Република Македонија, јас во општиот претрес поставив неколку прашања и вие како претседател на Собранието требаше да повикате некои од овие министри кои што претходно ги спомнав да ни дадат образложение како ќе се одвива правниот режим, трговскиот режим помеѓу Република Македонија и Република Бугарија и Романија по ратификацијата на овој Протокол кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Видовте дека ние навистина гласаме за овој Протокол, значи не сме против. Но, бараме објаснување, сакаме преку нашето барање и јавноста да се запознае што од денеска, или од објавувањето, или осумте дена после објавувањето во Република Македонија ќе се смени во трговскиот промет помеѓу Република Македонија и Република Бугарија и Романија, особено ако се има предвид дека предмет на овој Договор се земјоделските производи, раноградинарските производи, виното, пиперките, доматите, грозјето, речни риби. Значи, ова е од важност за Република Македонија, господине претседателе. И затоа ова е навистина дрско постапување. Дајте и кога подржуваме, значи вие ставате знак на равенство на секое наше однесување. Сега подржуваме, само бараме дополнително објаснување заради граѓаните, не заради нас. Ние сме го прочитале овој Протокол. Но, се прашувам дали останатите го имаат прочитано и дали немаат потреба да побараат и тие дополнително објаснување се со една цел да се запознаат од утре правните лица кои тргуваат со Бугарија и Романија под каков режим ќе потпаднат по влегувањето во сила на оваа ратификација. А видовте според гласањето, значи не сме против овој закон за ратификација. Но, навистина мислам дека не е во ред ваквото однесување и од ваша страна и од мнозинството, секако и од Владата, значи омаловажување на Собранието и на целокупната јавност кога се подржува некој закон, се бара дополнително објаснување, а тоа едноставно се премолчува и се оди по однапред зацртаниот ред кој што сте го зацртале како мнозинство. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 53 пратеници. Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 53 пратеници. Против не гласаше никој, воздржан не гласаше никој.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 68 пратеници.

Гласањето е полноважно.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија од една страна и Европските заедници и нивните земји-членки, од друга страна, за да се земе предвид пристапувањето на Република Бугарија и Романија во Европската унија.

**Минуваме на точка 7 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, Извештајот на Комисијата за труд и социјална политика, Извештајот на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените и Дописот на Законодавно-правната комисија, ви се доставени односно поделени.

Пред да продолжам понатаму, процедурално има побарано госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Значи, морам да реагирам процедурално на претхдното гласање. Пребројувајќи го кворумот и јавноста и вие видовте дека за една многу значајна точка која што е услов за пристапување кон евроинтеграции како се однесува парламентарното мнозинство пред јавноста покажа и кон евроинтеграции кон Европската унија, а секако имајќи во предвид предметот што е на регулирање во овој Протокол, земјоделието, исто така, покажа парламентарното мнозинство како се однесува и кон проблемите на земјоделците.

Почитувани колеги пратеници, ние не гласавме за да ви ја кажеме само апсурдноста на вашето однесување. Значи, на вашата демагогија дека се грижите и за земјоделците, дека се грижите и за евроинтеграција, а фактични ништо не ве интересира. Тоа го покажува и вашето присуство каде што претседателот мораше да пребројува

присутност, за да види дали навистина има кворум за донесување на еден ваков многу важен закон за Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Процедурално има господинот Оливер Шамбевски, повелете.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам претседателе.

Забелешката ќе ја упатам до вас, бидејќи ова што претходно го кажуваше почитуваната колешка, апсолутно немаше никаква врска со повреда на Деловникот, или на процедурата во Собранието. Требаше да биде опомената во врска со тоа. Во однос на нејзините тврдења што ги искажа, мислам кој, како се однесува, ова е навистина прилично смешно тврдењето на пратеничката дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се однесувала неодговорно итн, бидејќи тие беа во салата. Од вкупно 70-тина пратеници само 53 гласаа, а тие што не гласаа беа токму пратениците на СДСМ. Од тие причини ве молам, во иднина вакви испади од страна на пратеничката група на СДСМ да не бидат толерирани. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Делумно се согласувам. Но, и самите тие признаа дека не гласале по самиот закон. Од нивна страна кажаа. Сепак, јавноста на крај ќе цени кој е во право, кој не е во право и кој води демагогија.

Процедурално има господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Само кратко претседателе, да нема забуни. На колегата Шамбевски би сакал процедурално да му укажам дека ние не гласавме затоа што не добивме ниту еден одговор од претставникот на Владата како овластен предлагач. Поставивме низа прашања и за третата точка околу Европската инвестициона банка и за оваа точка. Не се удостои никој од Владата, иако Собранието треба да ја контролира Владата, да даде одговор. На што да гласаме кога не ги расчистивме дилемите околу нашите забелешки. И затоа таков беше ставот на нашата пратеничка група.

**Трајко Вељаноски:** Јас не знам што е повредата на Деловникот? Нема повреда на Деловникот. Вие го кажувате ставот на пратеничката група. Сепак, не е тоа дел од процедурално.

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот да се пријават за збор.

За збор се јавија госпоѓата Зумрете Јакупи, Станка Анастасова, Маринела Тушева, Феми Јонузи и заменикот министер за труд и социјална политика.

Има збор заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Спиро Ристовски:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,
Законот за еднакви можности на жените и мажите е донесен во 2005 година и во истиот се определени казнените одредби за прекршоците на субјекти кои пред почетокот на спроведувањето на овој закон нема да достават периодични планови за востановување и унапредување на еднаквите можности на жените и мажите до Министерството за труд и социјална политика. Со оглед на тоа што Законот за еднакви можности меѓу мажите и жените е донесен пред донесувањето на новиот закон за прекршоци, а имајќи ги предвид новите одредби и обврските за усогласување на постојното законодавство со Законот за прекршоците, во еден дел од измените на Предлог законот за изменување на Законот се наведуваат, значи утврдени се измените за прекршочните санкции и тоа од причина што висината на пропишаните казни за еднакви можности, долгото траење на постапките, изрекувањето на помалите износи на казнените рамки придонесоа да имаат негативно влијание ефектите од спроведување на законот. Затоа Министерството предлага измени во износот и висината на прекршочните санкции.

И вториот дел на измени кои што се однесуваат на Законот за еднакви можности меѓу мажите и жените се однесуваат на усогласување со директивите на Европската унија, поточно во рамки на дефинициите во делот кои што ги утврдуваат дефинициите за дискриминација и вознемирување кои што се содржани во постојниот закон, нивното усогласување со законодавството на Европската унија и европските стандарди. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Зумрете Јакупи, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Почитуван претседател, почитувани министри, почитувани колеги.

Овој Предлог закон кој што е пред нас според моето мислење едноставно е предлог, или интервенција во постоечкиот закон и јас лично го поддржувам овој Предлог закон од причина што овој Предлог за изменување и дополнување на Законот врши реализација на нашите определби за приближување на нашата земја, значи на Република Македонија, на нашето законодавство со европските стандарди со што се овозможува и приближувањето кон Европската унија. Со овој предлог се интервенира во членот 4 каде што некои дефиниции се исправени, како што е дефиницијата за дискриминацијата. Тука спаѓа директна и индиректна дискриминација, исто така и вознемирувањето. Исто така, има мали интервенции кои што се однесуваат на членот 2 и 3 каде што се прави една мала исправка од кривични на прекршочни дела. Во членот 42 и 43 се овозможува зајакнувањето на одговорноста на институциите, со тоа непочитувањето на законот, со тоа што се зголемуваат износите на глоба како за прекршок кон субјектите кои што имаат обврска спроведување на истиот закон, Закон за еднакви можности, кој што закон треба да се спроведува

од причина што ова е во согласност со директивите на Европската унија за уредувањето на половото прашање, промовирајќи принципи и предвидувајќи посебни мерки за обезбедувањето и воспоставувањето на еднакви можности за жените и мажите. Овој закон предвидува процедури за потврдувањето на еднаквото третирање на половите за што се обврзуваат и надлежните субјекти. Јас лично уште еднаш ќе повторам дека ќе го подржам овој Предлог закон, затоа што воспоставувањето на еднаквите можности е обврска на целото општество што овозможува рамноправно учество на жените и мажите во сите области во нашето современо општество. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор пратеничката Станка Анастасова, повелете.

**Станка Анастасова:** Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Покрај со Уставот правната положба и статусот на жените во Република Македонија се регулирани и со меѓународни договори што ги има потпишано и ратификувано нашата земја во согласност со член 118 од Уставот на Република Македонија, составен дел од нашиот правен поредок. Заради потребата од приспособување на законодавството во однос на еднаквите можности за жените и мажите во согласност со стандардите што се пропишани со регулативите на Европската унија во Република Македонија се донесе Законот за еднакви можности на жените и мажите. Со овој закон се уредуваат основните и посебните мерки за воспоставување на еднакви можности, како и надлежностите, задачите и обврските на субјектите кои се одговорни за обезбедување еднакви можности. Исто така се формулира и постапката за утврдување на нееднаков третман на мажите и жените.

Во членот 2 од Законот се потенцира потребата од промовирање на принципот на воспоставување на еднакви можности за мажите и жените во политичкиот и економскиот, социјалниот и образовниот живот, како и во другите области од општествениот живот. Во ставот 2 од истиот член се потенцира дека воспоставувањето еднакви можности е обврска на целото општество, како и отстранувањето на пречките за воспоставување еднаквост меѓу половите и тоа преку превенција и отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите и преку обезбедување услови за воведување еднакво учество на жените и мажите во сите сфери од општествениот живот.

Во членот 4 се дадени базичните дефиниции на основните категории како што се: еднакви можности, еднаков третман, дискриминација, директна дискриминација, индиректна дискриминација, вознемирување, сексуално вознемирување.

Ќе се задржам на членот 16 од Законот за еднакви можности, во кој експлицитно се спомнуваат општинините како субјекти кои се надлежни за спроведување на законот. Единиците на локалната самоуправа во рамките на своите надлежности се должни да ги утврдуваат и унапредуваат еднаквите можности. Тие треба да го почитуваат принципот на еднакви можности при усвојувањето на мерките и активностите кои се потребни за воспоставување еднакви можности. Според законот единиците на локалната самоуправа се должни да формираат комисија за еднакви можности и тоа како постојано тело со одлука на Советот на општината, а нејзиниот состав, надлежности, задачи и обврски се утврдуваат со статутот на општината.

Исто така, треба да се определи лице кое ќе биде компетентно и стручно за исполнување на обврските за координатор за еднакви можности. Задача на координаторот е да предлага мерки и активности за воспоставување на еднакви можности, да има консултативна улога при предлагањето решенија за спроведување на законот и да учествува во подготвувањето на националниот план за акција на еднакви можности, во делот што се однесува на единиците на локалната самоуправа. При спроведувањето на своите должности Комисијата и координаторите за еднакви можности треба да соработуваат со Министерството за труд и социјална политика, а истовремено органите и телата на единиците на локалната самоуправа при донесувањето на развојните планови и другите акти на единиците на локално ниво се должни да ги разгледуваат и да ги земат предвид предложените мерки и активности од страна на Комисијата и координаторот за еднакви можности.

Категоријата “род” не е синоним на категоријата “пол”. Полот реферира на биолошките карактеристики на луѓето, а родот е низа од социјални разлики, статусни позиции и специфични социјални разлики кои се поврзуваат со полот. Родот или содржината на родовите разлики во даден историски, социјален и културен контекст го определува статусот на тоа што значи да се биде жена или маж. Како социјална категорија родот има и одредена политичка димензија, односно со категоријата род се поврзани одредени права, должности, но и начини на однесување. Доколку жените се социјално, политички и културно потиснувани и маргинализирани, тога е резултат на начинот на кој се третирани во одредена културна заедница во согласност со културните норми на таа заедница. Значи, маргинализацијата на жените не произлегува ниту пак е легитимирана од нивната биологија или од некаква боженствена инстанца, туку е производ на одредени општествени и социјални услови, а се што е од општествена природа може да се смени. Доколку најнепосредните услови за живот на најдиректен начин ја одредуваат положбата на родовите односно половите и доколку локалната самоуправа е таа која изворно се занимава со најнепосредните услови за живеење, тогаш

природно се наметнува заклучокот дека е должно да се грижи за родовата еднаквост. Промовирањето на родовата еднаквост не е само обврска која произлегува од почитувањето на Уставот и законите, туку и најдобар показател за успешноста и неуспешноста во функционирањето на локалните органи во насока на остварување на резултатите од нивните активности.

Чувствителноста на родовата еднаквост на влијанието на животните услови и активностите кои се преземаат за нивно остварување се огледа во самата природа на родот и родовите релации. Локалната самоуправа како интегрален дел од структурата на власта според својата уставна поставеност е најблиска до граѓаните во смисла на одлучувањето за нивните непосредни услови за живеење. Нејзина основна задача е да обезбеди општествени процеси во кои можностите на граѓаните да дојдат до благосостојба и духовен развој нема да бидаст условени од расата, класата, полот или националноста. Таквите општествени процеси треба да обезбедат услови за реализација на нивните права и слободи да го ззаштитат нивниот дигнитет како човечки суштества и да овозможат економска и социјална сигурност и еднакви можности. Секоја демократска локална самоуправа која има круцијална улога во обезбедувањето на економска, социјална и политичка правда за сите граѓани во заедницата е должна да им посвети посебно внимание на статусот и на позицијата на родовите односи, а особено на статусот и позицијата на жената. Во тој контекст пристапот кон родовата еднаквост можеме да го претпоставиме како прашање на правата на жените како човекови права, како есенцијален услов за постигнување на ефикасна демократија. Прашање на социјална правда во насока на подобрување на вработувањето на жените на нивната едукација, условите за работа и социјална заштита, како прашање на социјалниот и економскиот развој со што ќе се промовира учеството на жените во рамките на политичките, економските и социјалните процеси на одлучување. Вака поставено прашање за родова еднаквост е адресирано само до едната страна од родовата релација. Имено, видлив е само односот кон жената, меѓутоа, жените и нивната нееднаква положба се само резултат на проблемот со кој треба да се справиме. Основата на проблемот треба да се бара во родовата хиерархија или во асиметричната релација во ползувањето на ресурсите, моќта и достоинството на граѓаните како човечко суштество.

Според тоа, водејќи сметка за обата пола родовата еднаквост значи еднаква видливост, поддршка, зајакнување и партиципација на жените и мажите во сите сфери на јавниот и приватниот живот.

Имајќи го предвид фактот дека Република Македонија преку Уставот, законите и ратификациите на меѓународните конвенции коис е однесуваат на правата на жените го промовира принципот на родова еднаквост, би можеле да констатираме дека еднаквост де-јуре, но не и де-факто, концептот на родовата еднаквост кој нема да се темели единствено на еднаквоста де-јуре на анти дискриминацијата и на експлицитната референција на жените во законите, туку, ќе ги претпостави овие аспекти и ќе се фокусира на самите родови релации, односно на мажите и жените, истовремено е концепт на еднаквоста на родовата перспектива.

Локалната самоуправа и децентрализацијата се нова можност, нов начин за организација на животот и нови насоки во согласност со ингеренциите на општините. Власта во локалната самоуправа треба да открие можности за дејствување, да се направат добри политики, да се изнајдат надежни стратегии и ефикасни проекти во заложбите за родовата еднаквост, развивање на автентична машинерија и механизми за родова. . .

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

**Станка Анастасова:** Се извинувам, ако може да завршам, многу ми е важно, ако ми дозволите потпретседателке.

. . . развивање на автентична машинерија и механизми за родова еднаквост кои ќе ги обединат националните машинерии и механизми според локалните потреби, воведување и имплементирање на стратификација на податоците според полот што ќе овозможи создавање база на податоци кои ќе се користат при планирањето и имплементација на политиките и проектите; развивање на тн., родово балансиран буџет односно планираните буџетски приходи и расходи да се вршат според принципот на родовата еднаквост, развивање на статешки акциони планови со јасна временска рамка и механизми за имплементација; обезбедување најадекватно претставување на живите во локалните органи и во другите тела кои имаат моќ за донесување одлуки од локален интерес, поголемо учество на жените во проектите на локалниот економски развој во нивното планирање и имплементација и регионално здружување на локалните самоуправи заради успешно делување на планот на интеграција на родовата перспектива.

Тоа се дел од моите препораки. Благодарам потпретседателке.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор пратеник Тушева Маринела, повелете.

**Маринела Тушева:** Благодарам госпоѓо потпретседател.

Почитувани пратеници, почитувани присутни,

Родовата рамноправност би требало да биде веќе апсолвирана тема вософвремените општества во економски развиените земји, а имајќи го предвид присуството на пратениците се чини и кај нас во нашата држава. Меѓутоа, за жал не е така, односно жените и таму сеуште се соочуваат со психичко, физичко насилство, семејно насилство, неможност да стекнат образование.

Моето денешно излагање ќе го поделам во два дела и тоа општите тенденции на развој на родовата рамноправност и она што е сторено во Македонија на оваа тема.

Наспроти очекувањата дека технолошкиот и информатичкиот развој во општество каде физичката снага е потребна во се помал број на работни места, рапидно ќе ја подобри состојбата во однос на прашањата за правата на жените, податоците се јасни. Од почетокот на 70-тите години од 20-от век економската неедкавост како меѓу земјите во светот така меѓу половите и другите групации расте. Таквиот тренд продолжува и во 21-от век. Борбата за правата на жените денес во светот има различно значење во зависност од географската положба. Економската поларизација север-запад наспроти југ, заедно со религиското и културното наследство придонесе меѓу останатото во поларизацијата на степенот на остварени права на жените. Одредени географски подрачја, благодарение на економскиот развој, стигнаа понапред во унапредувањето на правата на жените. Борбата за правата на жените е многу потешка кога истовремено треба да се борите со сиромаштија, глад, невработеност и неписменост. Постојат голем број на докази за недела извршени врз жените. Во некои земји едно од 6 девојчиња ке биде сексуално злоупотребувано пред да наполни 16 години. Милиони девојчиња ќе бидат присилени на брак и потомство пред својата 13 година физички и емоционално неспремни. Стотици илјади ќе бидат продадени и киднапирани заради проституција во источна и јужна Азија, но се повеќе и во источна Европа. Во Индија и Пакистен 90% од мажите физички ги малтретираат своите жени. Во Африка со обрежување ги унакажуваат телата на два милиони женски деца. Во Кина и во Индија мајките притиснати од воспитанието и социјалните вредности го занемаруваат или убиваат своето женско потомство. Исто како што проблемите на југот се разликуваат од проблемите на северот или западот, така и остварувањето на правата на жените е поделено на проблеми за остварување на основните права на жените како човечки суштества, право на непречено движење, право на изразување, право на образование, пристап до инфорамции, соодветна исхрана, здравствена заштита, право на сопственост, право на работа, право на репродукција и планирање на семејството за кои се борат жените од југ и борбата за потполна еднаквост на половите за кои се борат жените во економски развоените земји. Овде би ја вброила и Македонија имајќи предвид колку во оваа област е направено во нашата држава. И во развиените земји физичкото, сексуалното и психолошкото насилство се сеуште присутни и недоволно санкционирани. Од формална гледна точка во југоисточна Европа не постои полова дискриминација во уставите и законите на земјите од регионот. Неформалната дискриминација е сепак многу поприсутна во споредба со земјите од западниот дел на Европа. На пример, во Хрватска не постои државна служба за помош и заштита на жени и деца жртви на насилство. Во случај на семејно насилство жената може да се потпре единствено на пријателите или поширокото семејство. Едно минатогодишно истражување од областа на половата дискриминација во училишните ученици навистина покажа поразителни резултати. Жените се прикажани или како стари и изнемомштени баби, или како лекомислени убавици.

Понатаму, жената во Македонија многу повеќе де јуре отколку де факто ја живее еднаквоста на половите. Сепак, кога се поставува прашањето за еднаквоста на половите, Македонија генерално може да се вброи во земјите со долгогодишна традиција.

Меѓутоа, како и во други земји од регионот тоа се должи на брз и скоковит развој на еманципацијата на жените во социјалистичкиот период. Сепак родовата рамноправност е можеби една од полињата каде што нашата држава имаше превземено конкретни чекори. Имаше трасирано патека по која треба да се движи. Се разбира Собранието и жените пратеници работеа континуирано во оваа област, секако имајќи ги предвид дека промовирањето на родовите прашања и нивната релевантност во евроинтегративните процеси и воспоставувањето на европските стандарди и прилагодување на заштитата на женските права како човекови права, се важни предуслови за членство во Европската унија. Впрочем, не така одамна беше и случајот кога висока делегација од една земја беше вратена поради родовата неизбалансираност во делегацијата биле присутни единствено мажи.

Она што во изминатиов период беше направено во оваа област, за што особена заслуга има Собранието односно Клубот на жените пратеници се Законот за еднаквите можности на жените и мажите, Законот за здравствено осигурување, измените на Законот за семејство, каде што е вградена посебна глава за заштита на жртви на семејно насилство. Понатаму, со измените на Законот на игри на среќа се формира посебен Фонд за борба против семејно насилство, меѓутоа со последните измени на Законот за работни односи можеме да кажеме дека сме далеку од тоа дека на избалансиран начин се вградени определбите за недискриминација и еднакви можности при вработување, напредување во кариера, усовршување плата и други надоместоци кои се за посебна заштита на жената во периодот на бременоста, породилното отсуство, мајчинството и негата на децата, имајќи го предвид тоа дека во секој момент можете да бидете прогласени за технолошки вишок, понатаму може од страна на работодавачот да не ви биде дозволено користење на годишен одмор, можете неограничено да работите во трета смена и т.н. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор пратеник Јунузи Фени, повелете.

**Фени Јонузи:** Ви благодарам госпоѓо потпретседателке.

Почитувани колеги, предлогот за донесување на закон за измени и дополнувања на Законот за еднакви можности на жените и мажите, со предлог закон, е значаен и законски и секако за да на жената и даде односно да и го дадеме делот кој недостасуваше на нејзината улога во демократскиот развој на земјава.

Република Македонија има добра традиција и е на добар пат кога се говори за еднакви можности на жените и мажите во сите области од животот. Парламентот на Република Македонија во мај 2005 година го донесе Законот за еднакви можности на жените и мажите, што е почитување на меѓународни конвенции, како што е Конвенцијата за отстранување на сите облици на дискиминација кон жената што стапи во сила во 1981 година, Декларацијата од Пекинг и Планот на постапување донесен на Конференцијата на Светската повелба за жените во 1995 година и други документи од оваа природа. Значи, Законот не е наш изум, туку е модел од земјите кои го имаат применувано ова и пред нас. Тој ги третира таквите области како одлучувањето, воспоставување квоти кои се позитивни мерки за да се постигне половата еднаквост во областа на вработувањето, еднаквоста во здравствените институции, во стопанството, медиумите и во сите други области од живеењето.

Родовата еднаквост се неопходни начела кои ги сочинуваат вредностите на познатите стандарди од Меѓународната заедница. Овој закон со овие измени и дополнувања кои се предлагаат е во согласност со директивите на Европската унија, каде што и ние се стремиме да бидеме дел од таа заедница. Овие начела не сочинуваат само едно основно барање на социјалната правда и вистинската демократија, туку исто така сочинуваат и услов за остварувањето на правата на човекот за сите жени и мажи заедно. И нашава земја треба да е усвоено со Уставот во поглавјето за правата на човекот и граѓанинот членот 9 каде сите граѓани на Република Македонија без оглед на полот, расата и нацијата, политичката и верската убеденост се еднакви пред законот. Значи, нема полова дискриминација. Општеството не може да функционира како што треба, до колку се занемарува половината од својот капацитет.

Со овој закон се создава еден погоден терен за да се наруши рамнодушноста на жените кон општествениот живот во целост и се создаваат можности жената реално да го земе својот дел во општествениот живот во нашава земја.

Јас ќе го подржам овој предлог закон и ќе гласам за овој Предлог закон. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарма и јас.

За реплика се пријави пратеник Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитувана потпретседателке и оние пратеници, колеги кои што сте за жал, во многу мал број присутни во салата.

Почитуван заменик министер, оваа реплика сакам да ја упатам кон колегата, не секогаш репликите според Деловникот не мора да бидат исклучиво за спротивставени ставови, туку може да биде и одредено надополнување. Меѓутоа, почувствував дека е добро да се забележи што токму колегата се јави да каже неколку убави зборови по однос на овој закон, затоа што како по некое правило кога имаме закони кои што се однесуваат за еднакви можности на жените и мажите, најчесто за дискусија се јавуваат само жените. Затоа, мислам дека ова е еден позитивен пример и само со вакви дискусии ќе можеме да докажеме дека навистина се залагаме за еднакви можности, не само декларативно дека тоа ќе го спроведеме и во пракса. За жал, морам да признам дека сум изненадена зошто и претседателката на Комисијата за еднакви можности ја премолчи оваа дискусија, но тоа не значи дека можеби не се сложува со овој закон и не дава подршка. Ја искористив оваа прилика меѓу другото да кажам дека овој закон навистина ќе придонесе за унапредување во односите и давање еднакви можности на жените и мажите во сите области исегменти на нашето општество. Токму поради тоа ваков Закон беше донесен. Колегата убаво и хронолошки елаборираше за фазите на носење на овој закон, што не претставува ништо ново, туку е само дополнување, но и овие измени се значајни за сферата за која што се однесува. Токму поради тоа пратениците од ЛДП ќе дадат подршка на овој закон. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За процедурална интервенција се јави пратеникот Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам госпоѓо потпретседателке,

Почитувани колеги, со оглед на тоа дека бев прозвана, повикана преку една необична реплика од колешката Роза, па должна сум да се изјаснам дека секако како претседател на Комисијата за еднакви можности на мажите и жените го подржувам овој закон од неколку членчиња, кој што е извонредно мал и нема суштински работи околу кои што би требало да се развие дебата, бидејќи се работи за два аспекти. Содржат едноставни утврдувања и прилагодувања на неколку дефиниции од законот кон најновите европски директиви. Втора работа, содржат усогласување на неколку глоби и казни за непридржување кон законот, што е сосема техничка работа. Сметав дека со оглед на тоа што на расправата на Комисијата за еднакви можности се искажав сосема целосно, сите се искажавме, едногласно го подржавме, по некогаш не би требало д аодиме во елаборација, во теоретски расправи за тоа што знаеме за прашањето и односите меѓу мажите и жените. Но, во секој случај го поздравувам интересот што овој закон го побудил кај моите колеги и секако гледам

дека ќе имаме повеќе сојузници во борбата за рамноправност меѓу половите. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Бидејки е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Пред да ве повикам на гласање, ги молам колегите пратеници да влезат во салата.

Ги молам службите да дадат точен број на присутни пратеници .

Бидејќи во салата има доволен број на пратеници, ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, од нив за предложениот закон гласаа сите 65, против нема, воздржани нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, против нема, воздржани нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Светлана Јакимовска и Веле Ѓорѓиевски поднесоа амандмани на член 1 за менување на точка 4 и на член 1 на точките 5, 6 и 7 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на точка 4 поднесен од пратениците Светлана Јакимовска и Веле Ѓорѓиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Спиро Ристовски:** Амандманот се прифаќа.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Амандманот станува составен дел на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 точка 5 поднесен од пратениците Светлана Јакимовска и Веле Ѓорѓиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Спиро Ристовски:** Амандманот се прифаќа.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Бидејќи амандманот е прифате, амандманот станува составен дел на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 точка 6 поднесен од пратениците Светлана Јакимовска и Веле Ѓорѓиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Спиро Ристовски:** Амандманот се прифаќа.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Бидејќи амандманот е прифатен, амандманот станува составен дел на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 точка 7 поднесен од пратениците Светлана Јакимовска и Веле Ѓорѓиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Спиро Ристовски:** И овој амандман се прифаќа.

**Светлана Јакимовска:** Бидејќи амандманот е прифатен, амандманот станува составен дел на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, од нив за предлогот гласаа сите 66 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

**Минуваме на точка 8 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Ве известувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците овој Закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на закон да се пријават за збор.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Пријавени за збор се господинот Ивановски Игор, госпоѓа Топузова Каревска Роза, господин Незири Сафет, заменикот министер за образование и наука, господин Амети Вулнет, госпоѓа Грковска Лошкова Славица и господин Жерновски Андреј.

Прв за збор е јавен заменикот министер за образование и наука, повелете.

**Линдита Ќазими:** Благодарам претседателе.

Со законот за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука, Центарот за стручно образование и обука добива својство на правно лице и се утврдува дека седиштето му се наоѓа во Скопје.

Решението кое го содржи овој Предлог закон го воведува терминот заменик директор на Центарот за стручно образование и обука и условите кои треба да ги исполнува лицето за вршење на оваа функција.

Во практичната примена на законските одредби кои се однесуваат на изрекувањето и висината на прекршочните санкции од глава 8 од Законот за стручно образование и обука се појави несогласност на употреба на правни термини утврдени во Законот за прекршоци.

Затоа, со овој Предлог закон се воведуваат терминолошки изрази кои ќе ја поедностават и унифицираат прекршочната постапка. Овој Предлог закон нема потреба за дополнителни фискални импликации, бидејќи средствата што се предвидени во Буџетот на Министерството односно во Програмата на Бирото за развој на образованието, истите тие средства ќе бидат префрлени во Центарот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Ивановски Игор, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Ова, чинам е денеска прво образложение за еден закон кој што го дава некој претставник на Владата, иако и во оваа ситуација не можеме да слушнеме ништо повеќе. Ќе дозволите во краткото време на десет минути со кој што сум лимитиран да го дадам сопственото мислење за овој Предлог на закон, при тоа како и во секоја нормална работа во животот, за да може да констатираме дали еден нов предлог за изменување на едно законско решение е добар или лош, треба да ги имаме искуствата кои што оваа Влада веќе ги направи во сферата на образованието во целосна смисла на зборот. Или со други зборови, за да констатирам дека ваквото решение нема да придонесе ништо ново, освен вработување на еден партиски кадар, ќе се потсетиме на “крупните реформи”со кои што ВМРО-ДПМНЕ во ова Собрание не убедуваше во изминативе две години.

При тоа како и во секоја нормална работа во животот за да може да констатираме дали еден нов предлог за изменување на законско решение е добар или лош треба да ги имаме искуствата кои што оваа Влада веќе ги направи во сферата на образованието во целосна смисла на зборот. Или со други зборови, за да констатирам дека ваквото решение нема да допринесе ништо ново, освен вработување на еден партиски кадар. Ќе се потсетиме на крупните “реформи” со кои што ВМРО ДПМНЕ во ова Собрание не убедуваше изминативе две години. Ќе споменам само дел од нив, бидејќи немам време.

Првата работа е спектакуларната одлука на ВМРО ДПМНЕ да воведе задолжително средно образование. И тогаш СДСМ ги изрази своите сомневања и скепса дека Република Македонија не е подготвена за задолжително средно образование. Дека концептот на начин на кој што се води е дилетантски и насилнички и има дневна политичка употреба и ништо повеќе од тоа. После две години ги гледаме резултатите од катастрофалното спроведување на овој концепт, а тоа е дека 2.500 средношколци не се деца ученици, не се запишаа во средните училишта во Република Македонија. 2.500 лица. Со еден збор ваквата кампања и ваквата одлука за која што Владата патем потроши отприлика околу милион евра само за да рекламира немаше резултат. И сега се поставува прашањето што ќе прави Владата со родителите на овие 2.500 ученици. Ќе ги казнува, ќе ги притвара или тие 2.500 ученици заради лошиот пристап и популистичкиот пристап за кој што беше најбитно само да се исперат парите во медиумите, нема резултат. Дополнително она кое што Владата на ВМРО ДПМНЕ катастрофално го извозе е концептот за формирање на високо образовни институции во секое населено место во Република Македонија. Како печурки во ова Собрание со една одлука се формираа преку дваесетина нови факултети во кој што во првиот уписен рок се пријавија не повеќе од 30 студенти. Незнам веќе на икс факултетот не го ни памтам веќе бидејки се триесетина, во Велес се пријавил еден, во Виница двајца, незнам на кое друго место наверојатно ниту еден. Со други зборови Владата на ВМРО ДПМНЕ пак потроши или испра милиони евра за рекламирање на таа кампања, потроши пари за ангажирање на наставен кадар..

**Трајко Вељаноски:** Колега Ивановски, значи имаме закон за стручно образование и обука. Вие спомнувате факултети и други работи. Ве молам по темата, по самиот закон држете се.

**Игор Ивановски:** Господине претседателе ако има некоја одредба во Деловникот каде што мојот говор треба да го доставам на одобрување да го направам тоа. Јас знам дека ВМРО ДПМНЕ се повеќе заличувана комунистичка партија за Македонско национално единство..

**Трајко Вељаноски:** По самата точка на дневниот ред треба да зборите.

**Игор Ивановски:** Токму по тоа и говорам, значи не сум ја промашил темата на мојата дискусија. Сакам да лоцирам дека Владата на ВМРО

ДПМНЕ ја промаши темата во реформите во образованието и не сакам да се повтори и на овој случај. Значи јас потсетувам на лошите примери за да не направиме лоша ситуација или одлука и денеска и ако дозволите да продолжам за да дојдам до конкретниот закон.

Значи констатиравме дека задолжителното средно образование доживеја дебакл. Констатиравме дека формирањето на новите факултети доживеја дебакл. Да биде иронијата поголема ние имаме враќање во почетокот на комунизмот во Република Македонија. Имаме ситуација каде што на добрите факултети кај што децата сакаат да студираат тоа им се оневозможува и имаме драстично кратење на квотите на економскиот факултет, на правниот факултет, само за да Владата ги натера спротивно на нивната волја студентите да се запишуваат во Штип каде што не сакаат бидејќи тој економски или правен факлутет, нема таков кредибилитет и тежина, ги тераат студентите да ода т на дисперзирани студии по другите градови иако тоа не го сакаат само за да Владата се осветува на добрите факултети што продуцираат добри генерации на економсти, на правници итн. и за да си ја оправда милионската кампања која што ја правеше за овие факултети. Затоа и овој закон кој што денеска ни се предлага нема своја употребна вредност, се предлага само да се воведе заменик директор. Образложението е само дека има голема потреба од стручно образование. Има многу работа, се согласуваме во тоа. Ама ајде тогаш да разговараме како да го подобриме бирото за стручно образование, а нема тоа да се случи само со воведување на еден заменик директор. Ќе се вработи еден да речеме партиски кадар на некои од партиите во коалицијата и точка ништо повеќе. Ќе прима плата, нема да има никаков ефект и ќе нанижеме уште една неуспешна одлука после лошото задолжително средно образование, после уништивањето на добрите факултети и промовирањето на катастрофалната политика за факултет во секое населено место, кое што никој не го пасакува. Да не зборувам, веројатно за тоа ќе споменат моите колеги, дебаклот на најголемата перална за пари, а тоа е “ Компјутер за секое дете” во училиштата и ред други лоши потези кои што за жал сега ќе го констатираме, ама последиците ќе ги видиме за неколку години. За жал кога ќе се згреши една одлука во образованието тоа е ситуација која што нема враќање назад.

Бирото за стручно образование или центар за стручно образование и обука нема да добие тежина со оваа измена. Напритив само дополнително ќе се бирократизира и проблематизира и грешките во сручното образование ќе ги видат учениците на крајот од своето четири годишно школување.

На крај веројатно како што Ивица Боцевски, како со декрет оди во ректоратот и во Сенатот на Универзитет “Св. Кирил и Методиј” и им вели ова мора да го направите, веројатно ќе дојде некој на пониско ниво и ќе рече во центарот ова ќе мора да го направите и ние ќе се сведиме на тотална импровизација кога станува збор за образовниот систем во Република Македонија.

Затоа на крајот ќе имаме лоши продукти или ниско образовани ученици и студенти кои не ќе можат да се вклопат во потребите и на бизнисот и на науката и генерално во развојот на државата,ама затоа милоните ќе се исперат. Ќе слушаме 10 минути веројатно и за овој закон пред вестите на сите телевизии дека Владата донела закон за изменување на Законот за стручно образование и 10 минути ќе се рецитира текстот на овој закон не баре луѓето како што вели евро амбасадорот Фуере постеувајќи ја Владата во нејзиното однесување кон луѓето сметајќи дека македонските граѓани се глупави. Јас не можам да разберам до каде ќе оди дрскоста и ароганцијата на оваа Влада кога станува збор за крупни работи. Ние сакаме да ви помогнеме со заедничка дебата во делот на подобрување на образованието, ама како тоа да го направиме кога вие сакате да уништите образованието и тоа го правите консеквентно. Го правите консеквентно бидејќи добрите факултети се растураат за да можат лошите факултети и политиките на Владата да живеат. И ние имаме ситуација каде што пискотници има на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” бидејќи Владата не им дозволува на децата да се запишат таму каде што сакаат. И после велите постои демократија или право на избор во оваа држава. Не постои. Ние се сведуваме на комунистичкиот пристап каде што Владата кажува кој каде ќе студира и така ќе ги натера луѓето да одат незнам во сртучни училишта кои што немаат основни средства за работа или ќе ги прати на факлутети кои се формирани пред две недели и сакате да имаме сериозно пренесување на знањета. Не може да има таква работа. Има само растурање на образовниот систем и јас не можам да го подржам овој предлог за донесување закон бидејќи е ова обична хартиај која што треба да ни донесе нови вработувања на партиските кадри во коалицијата на власт, ништо повеќе. Не ни чувме ни минимум образложение. Јас очекував дека министерот за образование кој што не е симнат од телевизија го слушаме по сто изјави дава, ниту една не се разбира што кажува, да дојде тука и да не убеди што направил до сега за да видиме што ќе направи утре. Ама за жал ние имаме само лесно растурање на образовниот систем од корен и затоа тука ќе застанам бидејќи очигледно не можеме да збориме повеќе, ВМРО ДПМНЕ од ДПМНЕ полека станува КПМНЕ, комунистичка партија за македонско национално единство. Кој не е со нив е против нив..

**Трајко Вељаноски:** Ве молам господине Игор Ивановски да го сочуваме достоинството на Собранието и да не навредуваме политички партии..

**Игор Ивановски:** Јас давам само политичка квалификација, ако вие сметате дека е навреда тоа, тоа е ваше мислење. Јас мислам дека ВМРО ДПМНЕ свесно сака да го добие тоа име Комунистичка партија за македонско национално единство. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јави господин Лазарев Јован и госпоѓа Јаневска Наташа. инаку господин Игор Ивановски овие 10 минути една минута потрошивте по самиот текст на законот и покрај тоа што ве предупредив.

За реплика господин Лазарев Јован, повелете.

**Јован Лазарев:** Благодарам претседателе,

Предлогот за изменување и дополнување на законот има три сегменти, значи од кој првиот сегмент е измената која се однесува вочленот 1 а тоа е дека центарот за стручно образование и обука има својство на правно лице што беше еден сериозен пропуст при донесувањето на законот од 2006-та година кога почитуваниот Ивановски и неговата партија беа на власт. Значи можеби тоа е суштинската измена на овој закон бидејши при функционирањето на центарот имаШе проблеми бидејќи во законот не беше дефинирано дека тој има својство на правно лице.

Вториот сегмент се воведува функцијата заменик директор и сега главнатаполемика е околу функцијата заменик директор. Заменик директор имаат скоро сите институции и институција заменик директор е едно работно место кое што не мора да се реши со вработување на ново лице однадвор, можеби ќе се одлучи на некое лице од самиот центар кои сега се вработени. Всушност центарот како што е сега дефинирамн во наредните две-три години треба да се потполнува и има една динамика која што е усогласена со Европската Унија секоја година само да се вработуваат по две или три лица. не знам точно но има една динамика со која се предвидуваат средства со буџетот секоја година.

Третио сегмент е дефинирањето на казнените одредби, сега како прекршочни и усогласувањето на тие висини на казно односно на глоби со Законот за прекршоци.

Тоа е суштината, кратка е измената на овој закон и мислам дека ние како пратеници треба да го подржиме. Јас лично ќе го подржам односно ќе гласам за него. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јавува господин Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Господине Лазаров, вие исто како и заменикот министер само ми го прочитавте тоа што е ставено. Не влегувате во содржината на проблемот.

Ако се одлучувате да правите реформи заради реформи, кои што тре да бодат само партиски вработувања кажете го тоа со име и презиме, отворено и јасно, да знае јавноста. Не не убедувајте дека со вакви козметички решенија кои што имаат многу едноставно практично приземна позадина како да вработувате повеќе луѓе и да прикажувате дека со тоа кој знае што правите. Ова апсолутно нема никаква врска со подобро стручно образование, исто како сите досегашни мерки во делот на образованието. Влазете раговарајте со средношколците ќе ви го кажат тоа, и нивните родители. Сега решивте до крај да го уништите сегментот на високото образование. Зошто? Бидејќи треба создадете нова структура ВМРО- овци. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави госпоѓа Наташа Јаневска, повелете.

**Наташа Јаневска:** Благодарам почитуван претседателе,

Би сакала да реплицирам само од една причина.

Очигледно дека нашиот колега тука сака да направи еден политички маркетинг колку се грижи за граѓаните, меѓутоа заборава дека со тоа ги обвинува и граѓаните затоа што постојано напаѓајќи ја програмата на ВМРО ДПМНЕ заборава дека токму пред два месеци таа беше гласана од страна на народот на Република Македонија.

Следната работа на која ќе му реплицирам е тоа што постојано сака да не исфрустира нас пратениците од ВМРО ДПМНЕ со неговите конотации кои што ги дава во врска со Програмата.

Во врска со факултетот би му кажала затоа што е дисперзиран во повеќе градови е тоа што сепак ние сме разоварале со луѓето, со жителите кои живеат во поодалечените градови од градот Скопје и дека многу им е подобро нивните деца да студираат во нивните градови отколку да доаѓаат во Скопје каде што им се потребни материјални и финансиски средства. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Госпоѓо Јаневска јас не знам дека на жителите од Тетово им е проблем да патуваат во Скопје ако сакаат да учат на добар факултет, така да не знам со кои граЃани сте разговарале, бо Солун ли, во Белград, затоа што навистина на нив им е проблем.

Или да се вратиме не поентата. Ајде да зборуваме многу отворено.

Граѓаните дадоа подршка. Ама вие работите за кои што ви ја дадоа подршката не ги правите, правите, правите сосема спротивно. Не ви дадоа подршка да не им дозволувате на учениците да се запишуваат на факултети на Универзитетот “ Кирил и Методиј”.

Не ви дадоа подршка да ги терате против нивната волја да идат 200 или 300 километри надвор од Скопје за да студираат на факултети што се отворени пред месец дена и уште немаат основна инфраструктура. Не ви дадоа право да им ја уништувате иднината со двање на лошо

образование така да престанете да ги злоупотребувате граѓаните.

**Трајко Вељаноски:** Има збор госпоѓа Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Се надевам дека нема и мене да ме прекинувате во дискусија. Знам дека парламентарното мнозинство односно пратениците од ВМРО ДПМНЕ со нетрпение ја очекуваат 11-та точка за да го донесат законот за припадниците на безбедносните сили подржан од 30 илјади гласачи. Меѓутоа ќе..

**Трајко Вељаноски:** Колешке ова е осма точка не е 11.

**Роза Топузова-Каревска:** Да затоа велам дека ќе бидам пократка во дискусијата за да имате време да ја завршите обврската што ви ја дадоа 30 илјади граѓани.

Значи што се однесува до овој закон јас имам поднесено и амандмани и навистина почитувани колеги пратеници доколку не го прочитав образложението што го имаме за донесување на овој закон и она што го имаме внатре ќе се наметнеше дилема дали треба или не треба да се гласа овој закон. Овака едноставно е решението дека овој закон под превезот на едно се крие сосема нешто друго. Имено во образложението вика "при изготвувањето на на овој предлог се тргана од досегашните искуства при изрекувањето на прекршоци и прекршочните санкции во практична примена на законските одредби кои се однесуваат на изрекување н а висината на прекршочните санкции" и така натаму и затоа, значи има потреба од донесување на овој закон, значи прекршочните санкции. И вика законот чии донесување се предлага се заснова врз начелата на законитост, ефикасност, транспарентност и економичност. Па која економичност почитувани колеги и транспаретност, колги пратеници. Имено, во право беше колегата што рече дека навистина што се однесува до правното лице односно членот 1 и во ред да се донесе овој закон е направен тогаш пропуст и се наидува на потешкотии во фунционирањето на Бирото за стручно образование, меѓутоа почитувани колеги исто и прекршочните санкции се усогласуваат и тоа е во ред. Но, зошто беше потребно да ги имаме овде членовите 2 и 3 со кој што се воведува заменичко место во оваа институција. Е, тоа е проблемот почитувани колеги за што зборуваме. И можеби и немаше толку нагласено да го кажам ова ако немаме веќе, не пристигнуваат секојдневно во парламентот и нови закони каде што секаде, ама баш секаде се воведуваат заменици директори. Еве, као пример ќе го посочам Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони. И таму во дирекцијата имаме воведување на заменик директор. Што е тоа ако не отварање на нови работни места, но не работни места за млади стручни и компететни кадри како што милува некој да каже овде од ВМРО ДПМНЕ, туку за партиски војници кои што треба да бидат наградени со тоа што ќе добијат вработување заменик директор на одредена агенција, биро или дирејкција, место кое што баш нема никакви обврски работни, единствено се сведува на тоа да се зема плата. И како не биле потребни финансиски имликации. Па дали овој заменик директор ќе работи волонтерски, па и тоа како има финансиски имликации, затоа ве молам бидете внимателни кога говорите пред овие иако малку присутни пратеници во салата. Но има некој што ве слуша и што ве разбира она што го кажувате.

Почитувани колеги пратеници, со ова ниту ќе се подобри стручното образование, ниту ќе се подобри работата на оваа институција. Како што беше спомнато, донесовме куп закони кои направија тотално хаос во образованието. Не ви функционира ниту идејата - компјутер за секое дете. Што се случува таму? Учениците нема каде да ги стават тетратките затоа што пред нив стојат компјутери, онаму каде што стојат, во најголем број и не стојат, кои што ниту функционираат ниту пак наставниците се обучени да работат со програмата што ја има на тие компјутери. Да не зборува за веронауката. Престанете со сила да ги терате учениците, се обраќам до заменичката министер, да се запишуваат на веронаука. И оние кои изразуваат желба не им давате можност. А тоа кој и како ја предава веронауката, тоа е посебна тема на дискусија.

Понатаму, да поминеме на средното образование, Закон за задолжително средно образование.

И тогаш од оваа говорница укажувавме дека нема да ви функционира тоа. 2500 не се запишани во средното образование. Како ќе ги натерате учениците и родителите на овие ученици, да бидат запишани. Немате механизам. Значи закон само заради закон да се прави, едноставно се во насока на пропагандата на Владата, популизам, популизам и само популизам.

Посебна приказна е Законот за високото образование и отворањето на универзитети и факултети насекаде каде што може во Република Македонија. Ве молам, колку студенти ви се запишаа на факултетот во Пробиштип. Со кои граѓани сте разговарале, почитувани колеги, со граѓаните од Пробиштип и ви рекоа што, има еден кој има желба да се запише на факултет овде во Пробиштип, а не во Скопје и ајде сега за него да отвориме факултет. Илјадници пари потрешени од Буџетот, од парите на граѓаните. Мислам дека не ви е добар концептот и час поскоро треба да го промените, или сега пак по онаа социјалистичката, како што се функционираше во 50-те години од минатиот век во земјите од социјализмот, вклучувајќи ја и Македонија, а најизразено во една друга голема, во еден голем сојуз социјалистички каде по налог се испраќаа и студентите и дипломираните, овој од Скопје да работи во Гевгелија, а тој од Гевгелија да дојде во

Скопје. Помина тоа време. Навистина не можам да ве сватам почитувани колеги пратеници, а и Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Премногу сте инспирирани и воодушевени од она што се случувало во 50-те години, во комунистичките земји. Дајте да го заборавиме тоа, да ги оставиме овие работи на страна и да тргнеме напред, навистина да погледнеме во Европа. Носиме европски закони. Не носиме закони кои само ќе ја враќаат Република Македонија назад или закони кои само ќе бидат во насока на згрижување на заслужни партиски кадри од партиите кои партиципираат во парламентарното мнозинстов. Јас се прашувам до кога ќе се оди вака, дали на секое место ќе имаме по еден заменик директор. Затоа предлагам, зошто да се задржиме само на заменик или помошник директор. Дајте воведете, нема да бидам изненадена и ако тоа го видиме утре или задутре, помошник на помошникот директор, па така да ги вработите не само оние кои ви се од првите редови туку и сите најблиски и подалечни роднини на пратениците и останатите функционери од ВМРО-ДПМНЕ. Навистина не е чесно кон граѓаните кои ја дадоа довербата, сега да имаме закони кои ќе овозможат единствено згрижување. Ајде да е вработување и да дадеме поддршка. Ова е згрижување на еден партиски кадар, човек кој нема да има ама баш никакви обврски, туку ќе зема цела година плата и притоа ама баш ништо да не сработи. Сите знаеме конкретно која е работата во тоа Биро. Не е ништо непознато. И сега малку било директор, со сите свои ингеренции, па ќе имаме и заменик директор кој, ако видиме какви функции има, ништо, апсолутно ништо, да го заменува директорот таму каде што тој нема да стигне, не баре кој знае колку обврски има, каква институција е. Продолжувате со хаосот во образованието. Запрете ја таа тенденција, свртете се на проблемите кои ги мачат учениците и нивните родители. Настојувајте образованието, колку - толку да го приближиме кон она што го има во земјите на Европската унија, затоа што, ако ви е искрена намерата и кажувате дека се стремиме кон евро и НАТО интеграциите, тогаш тоа треба да го покажуваме и во насока на она што го работиме и законите што ги носиме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓа Виолета Ташева и господинот Панче Дамески.

Повелете госпоѓа Ташева.

**Виолета Ташева:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, за голема жал голешката ја злоупотреби оваа говорница и своите 10 минути. Едноставно, цело време зборува но против образованието, што за мене е навистина несфатливо.

Јас не можам да ја разберам колешката, како е можно човек во државата да е против реформите во образованието, против проектот за модернизација на образованието од кои всушност произлезе и Законот за стручно образование, Центарот за стручно образование и се она што денес се случува во државата, во однос на образованието.

За голема жал, колешке вие навистина и не го познавате образованието и греота е воопшто да се обраќате на овие млади луѓе и да им кажувате вакви небулозни лаги во однос на се она што се случува во проекти, за да се крене нивото на образованието на граѓаните во Република Македонија.

Колешке, фактот кога вие бевте на власт дека половина од населението беше неписмено, дури и со незавршено основно образование е факт пред кој и "Боговите молчат". Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јавува госпоѓа Роза Топузова - Каревска, повелете.

**Роза Топузова - Каревска:** Не знам како ќе се описмени населението со законите кои вие ги носите, но навистина баш фактите и бројките зборуваат нешто друго.

Ќе се описменат ли оние 2500 незапишани во средно образование? Ќе се описменат ли оние кои вие ги терате од Скопје да одат во Гевгелија, Струмица, Кратово и Пехчево, да студираат? Тие ли ќе се описменат, или ќе се описменат оние кои што имаат компјутери, а компјутерите не функционираат, туку само ги исправте парите? Така ли ќе се описменат.

Колешке, никој не е против образованието и немојте да кажувате дека некој нешто не знае. И ако не знаеме, го слушаме народот, гледаме информирани сме што се случува. Насекаде имаме хаос во образованието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Панче Дамески, повелете.

**Панче Дамески:** Благодарам претседателе.

За жал се продолжува со злоупотребата на говорницата од госпоѓа Топузова-Каревска, во нејзин добар стил. За еден закон од 5 членови таа зборува 10 минути, а дали една минута зборуваше по однос на законот. Од тие 5 члена рече дека 4 ги поддржува. Значи остана проблематично само тоа за заменик директор. Навистина и јас би бил пресреќен ако во цела држава остана само проблемот за заменик директор за Агенцијата за стручно образование. Госпоѓо Каревска наместо да продолжите вие со вашата демагогија која вие ја ширите на секое ваше најавување, би ви препорачал да дојдете малку во Прилеп, да престанете со вашето удобство и уживање овде во Скопје и да дојдете меѓу граѓаните во Прилеп, да разговарате малку со нив, да ги прашате какви проблеми имаат, да разговарате за нивните потреби во однос на образованието, да ги видите нивните мислења во однос на новите факултети кои ќе се отворат во Прилеп, а не вака ад хок без никакви аргументи да ги критикувате сите законски решенија кои се донесоа во однос на реформите на образованието. Затоа, ве молам, немојте повеќе

со демагогија да ја злоупотребувате оваа говорница, за ваша афирмација и за афирмација на вашата сателитска партија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Прво сакам да зборувам процедурално, а после ќе се јавам за контра реплика.

**Трајко Вељаноски:** Добро, процедурално, госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван претседателе, или вие не ги следите говорите на сите пратеници, или правите селекција и во оваа насока.

Ако претходно беше навреда за вашата партија, сателитска партија, мислам исто така е поголема навреда, отколку она што го кажав, дотолку повеќе што нашата партија, треба да знаете, има сосема поинакво име. Значи не е ни модификација на името, туку некое ново име. Но, јас ве замолувам да имате еднаков аршин кон сите пратеници. Вака нема да може да имаме дијалог, оној што не опоменува и Европската унија, за дијалогот што ни го кажуваат насекаде, вклучувајќи го и Брисел. Ве молам да бидете коректни кон сите пратеници, а гледам дека не го опоменавте пратеникот, или можеби очекувавте да завршам со контра репликата па да го опомените. Во спротивно си земам за право и јас да го кажам своето мислење и начинот на функционирање на вашата партија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Оваа забелешка се однесува на сите пратеници. Без навреди на политичките партии, без оглед кој каков осеќај има за одредена политичка партија и со целосен назив да се кажуваат политичките партии. Затоа упатувам еден апел, да не се создаде една нездрава атмосвера во Собранието, во однос на политичките партии, без оглед од кои пратеници се употребуваат. Генерално треба називот на одредена политичка партија, така како што е регистрирана, така да се изговара.

За контра реплика госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам.

Ние сме тука за да ги читаме законите, да укажуваме и да го кажеме она што вам не ви се бендисува, а кој како се грижи за луѓето и кој повеќе се грижи за граѓаните, времето ќе покаже. Вие не се грижевте многу за луѓето, туку најмногу се грижевте за волците и тоа го докажавте затоа што во минатиот состав од 17 минути 15 минути потрошивте за дискусија само за заштита на волците. А за граѓаните, удобствата како ги мерат, не знам за кои удобства зборувате, дали за оние на Економскиот факултет што ги имаат или оние во основните училишта. А престојувањето, кој каде престојува, вие веќе со Законот за следење не следите каде сме и што сме пратениците од опозицијата, а и да бидеме во Прилеп не можете да не видите затоа што доколку излеземе на улица, имате наредба во комитетот, секаде да не напаѓаат, да не навредуваат, ни се закануваат на семејствата, сопрузите и децата. Тоа се наредбите кои ги имате дадени во месните комитети на ВМРО-ДПМНЕ.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам

Со оглед на тоа што се приближува времето до 14,00 часот последниот говорник има 10 минути со што би преминал преку 14,00 часот, тука ја прекинувам седницата и продолжуваме со работа во 15,00 часот.

(Пауза до 15,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,10 часот)

**Светлана Јакимовска:** Продолжуваме со работа.

Незири Сафет, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам госпоѓо потпретседател.

Иако во текот на една широка дискусија посебно во делот на опозицијата, која што ги отвораше сите тие сугестии и забелешки во однос на предложениот текст на законот за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука, нормално опозицијата има обврска или пак задача, секогаш кога има недостатоци во законот, недостатоци при секоја одлука што ја носи Собранието на Република Македонија предложено од Владата на Република Македонија опозицијата има обврска да даде сугестии, забелешки и исправки, меѓутоа секогаш засновајќи се врз аргументи и факти, затоа што и самиот сум бил дел од опозицијата и знам што значи кога се даваат празни сугестии и забелешки неформализирани со факти и аргументи. Секој може да каже што сака, меѓутоа јас мислам дека Министерството за образование и наука и образованието во целост во Република Македонија е голем конгумерат, кој што се соочува со различни предизвици, со кои што предизвици треба интелектуалниот потенцијал, не само во Собранието на Република Македонија, туку и интелектуалниот потенцијал во секоја институција во Република Македонија и граѓаните на Република Македонија треба да го дадат својот придонес во подобрувањето на фактичката и моментална состојба во образованието во Република Македонија. Беа дадени многу забелешки во насока на тоа што се трпи во однос на реформирањето на образовниот систем и често пати се користат реченици или пак политички вокабулар со што реформата во образовниот систем доживува неуспех. Секој почеток всушност е тежок, секој почеток треба да му се пристапи на професионален начин и на професионален начин да се решат прашањата, секогаш со факти и аргументи за кои што мислиме дека ќе треба да ги приспособиме на околностите и условите на една држава, како што е Република Македонија во насока на реформите и во насока на транзицијата. Како што целото општество во Република Македонија е засегнато од оваа

транзиција, е засегнато и од реформите, исто така и образовниот систем е засегнат. Беше спомната институцијата, да кажам новиот образовен субјект, како што е Центарот за стручно образование и обука во Република Македонија, кој што центар станува нов субјект и беа дадени различни оценки од страна на опозицијата. Ние сме нормално колеги и треба да се уважи секоја проценка, секоја забелешка и сугестија од опозицијата, треба да се земе како таква, меѓутоа, секогаш истите треба да бидат аргументирани со факти и докази. Тоа е нов субјект, кој што е во оформување, треба да се уреди дирекцијата, треба да се прошири менаџирањето на истиот центар, треба да има професионални луѓе во тој Центар за стручно образование и обука и врз таа основа да се продолжи и понатаму со системот на реформирањето на образованиот систем и всушност, на еден сегмент во образовниот систем, како што се училиштата за стручно образование и обука. Факт дека е предизвик, се согласуваме со тоа, меѓутоа, се појавува императивот на времето така што навистина, на овој сегмент на стручното образование треба да му се посвети големо значење. Треба да се направи една споредба со западните држави за тоа како во образовниот систем на која област повеќе внимание посветуваат во образованието новите генерации.

Факт е дека, во мунизмот, со појавувањето на политичкиот плурализам во Република Македонија од 90-тите години наваму, многу претпријатија, многу фабрики отидоа под стечај. И многу средни стручни училишта не можеа и немаа капацитет да подготват ученици од средното образование во различни насоки, кои што ученици понатаму ќе можеа да се ангажираат во разни претпријатија, било тоа да се фабрики или некои други претпријатија, кои што навистина го водат економскиот процес на една држава напред. Меѓутоа, благодарение на тоа што ние како држава се ангажираме во Република Македонија да има инвестиции и да почне да се развива економската, стопанската инфраструктура за која што имаме потреба и која што истата има потреба од обучувани кадри со средно образование, вие многу добро знаете и сите граѓани на Република Македонија знаат дека има една појава, да не ја наречам негативна, можеби не е тоа во ред, меѓутоа, можеби и претходната образовна подготовка го прави своето пред 90-тите што беше, секое дете што завршуваше основно образование, настојувањето беше да се запише или во гимназија или во медицинските насоки или во економските насоки. Воопшто немаше никаква идеа, или почетна точка за тоа дека нашата младина не можеме да ја насочиме само на овие две или три насоки, туку навистина треба според потребите на пазарот на трудот, според потребата да одговориме и со понуда на сите тие потреби кое што ги има едно општество, како што е општеството на Република Македонија. Сето тоа се прави во последно време, со зголемувањето на паралелките во различни училишта, како што се во гимназиите, во медицина, во економија и во други. Новиот субјект како што е Центарот за стручно образование и обука, ќе има задача и отсега му сугерирам на тој Центар, преку претставниците на Владата да уреди еден нов начин на управување на својата работа. Да знае да развива пропаганда во иднината за тоа како на пример, децата кои што ќе завршат основно училиште, во кои насоки да се насочат, посебно кога мислиме за професионалните и кои предности ги имаат тие деца утре кога ќе го завршат тоа средно образование. И со тоа средно образование каде тие можат да продолжат со своето образование. Да немаме само запишување на филозовски, филолошки, медицински, правен и економски факултет, додека другите егзакни насоки да останат, факултетите и до ден денес без студенти. Ние сме сведоци на многу аргументи и факти, кога на пример има Машински факултет, или Електротехнички факултет, каде што можеби и без приемен испит се примаат студенти, во недостаток на интерес. Значи, овој Центар или оваа Дирекција треба во иднина да се занимаваат со вистинско управување и треба дас вршат непосредна пропаганда во основните училишта, со што ќе се унапредат и ќе им се укаже на децата кои се предностите од овие стручни школи. Од таа причина, се оформува и овој нов субјект, тоа е настојувањето на нашето општество, на сите граѓани во нашта држава, затоа што секогаш, за да бидеме се подобри и подобри како институција, треба оваа нова институција секогаш да се споредува со државите кои биле во транзиција, со државите кои што ја поминале транзицијата порано и со нивното искуство, таму каде што тие грешеле, да не грешиме и ние и секогаш тие што се позитивни карактеристики на тие институции да се применат и во нашата држава, затоа што тоа е еден од главните сегменти, со кои што се соочуваме денес ние како општество и како образовни институции. Навистина, транзицијата ги има своите последици и слабости, меѓутоа, со заеднички сили, верувам дека можат да се надминат овие негативни појави кои ги спомна, сега не сакам да наведувам дали со факт или без. Секогаш кога некому му даваме некоја сугестија, забелешка и критика, секогаш треба да следи фактот и аргументот и идеата, како да се надмине една состојба, фактичка состојба создадена во некоја област, таму каде што се делува и работи. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика се пријави пратеничката Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам госпоѓо потпретседателке.

На почитуваниот мој колега Сафет Незири би сакала да му реплицирам и воедно да му укажам на делот од неговата дискусија која што се однесуваше на тоа дека опозицијата без аргументи дебатира особено без аргументи по овој Предлог на закон за изменување и

дополнување на Законот за стручно образование и обука. Господине Незири, СДСМ знаел дека има потреба во правниот систем во делот од образованието дека треба да се донесе ваков закон и знаел дека треба да се формира со закон Центар за стручно образование. Впрочем затоа во 2006 година кога заедно СДСМ со ДУИ беше на власт и го донесе овој закон. Значи, како СДСМ ние сме ја увиделе и утврдиле потребата уште во 2006 година и сме го донеле овој закон и затоа отпаѓа вашата забелешка дека ние без аргумент или без некое посебно навлегување во решенијата дебатираме. Но што е она што ние го успоруваме во овој закон.

Сакаме пред јавноста, пред граѓаните на Република Македонија да кажеме дека веќе во Република Македонија се донесуваат закони не заради потребата на граѓанството, туку заради политичкиот договор што ќе се постигне помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Тогаш заедно ДУИ бил со нас во коалиција, тогаш во 2006 ние сме го формирале со закон Центарот за стручно образование. Тогаш не се ценело дека со закон треба да се утврди дека Центарот треба да има заменик директор. Значи сега прашуваме зошто оваа промена и повторно аргументите во насока заради згрижување на некој партиски активист кој ќе заземе уште една висока позиција во системот и тоа во директорот на Центарот за стручно образование обука е Македонец, тогаш заменикот сигурно би бил ставен Албанец. И уште нешто би ве прашала, како ќе го коментирате решението на членот 36-а каде што ние го забележавме, а не реагиравме, мандатот на заменикот директорот да трае пет години. Дали мандатот ќе трае подолго на оној што го заменува имајќи предвид дека веќе мандатот на директорот за Центарот за стручно образование тече и дали сметате или не сметате дека овие два мандати треба да бидат врзани. Овде не реагиравме за да видиме колку пратениците од мнозинството ги читаат законите и колку мислат на исправноста на решенијата.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За контра реплика се јави пратеникот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам.

Внимателно ја слушав колешката со нејзината реплика. Не го спорам тоа што е донесен законот за основање на овој Центар, меѓутоа јас десет години сум работел во образованието и знам дека еден директор има свој помошник во дисперзираните паралелки, ако има 4, 5, има одговорна смена, што значи да му се олесни процесот за работа за да ги одвива и другите активности за унапредувањето на институциите, без оглед за која институција се работи. Меѓутоа, како и да е ние не смееме ова прашање да го политизираме, доколку се даде помошник за да одат работите напред, мислам дека тоа не е во ред.

Што се однесува на партиските и политичките активности мислам дека е далеку од тоа дали се работи за заменик директор Албанец или директор Македонец или спротивното, туку ние треба да се засноваме врз резултатите што ќе се постигнат во иднина. Какви ќе бидат резултатите ќе видиме сите заедно. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика се јави пратеникот Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски:** Имам особено почитување кон колегата на кој му реплицирам затоа ќе се обидам да го прашам нешто што би сакал да ми одговори во свое лично име во име на Демократската унија за интеграција за еден од трите главни столба на реформите на Груевски односно сега на коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ.

Колега зборувавте во својот говор, ако разбрав добро, за тоа дека ги одобрувате реформите во образованието. Јас на едно друго место една друга прилика на почетокот на школската година кажав за успехот односно за неуспехот на трите главни полуги во реформите и за проектот компјутер за секој ученик и за проектот задолжително средно образование и особено имам свое мислење како и мојата политичка партија ЛДП за воведувањето на веронауката за која што Уставниот суд уште никако да собере сили и да го каже својот став. Она што сакам да ве прашам вас, е дали реформа во образованието воведувањето на веронауката во што вие како партија ја гледате, бидејќи го подржавте овој закон новиот односно измените во законот, во што ја гледате реформата во образованието поврзано за веронауката и вие убаво кажавте нешто за што треба да се држат сите пратеници, а тоа е да се дискутира со аргументи. Јас прочитав еден податок, значи тоа е аргумент дали вистина или не треба да го провериме, дека учениците албанци при изборот дали да се определат за веронаука или за запознавање на религиите одлучиле, верувале или не, 100% да учат веронаука. Е сега, вашето име на партијата е Демократска унија за интеграција, значи за интеграција во Република Македонија. Дали вие сметате дека овој податок или воведувањето на веронауката е процес на интеграција кога на пример од петто одделение после трет час учениците ќе бидат раздвоени, едните ќе одат кај оџата, другите ќе одат кај оној кој што ќе изучува друга веронаука, кај православниот кај попот или кај отец или не знам што беше друго од телевизија беше отец не беше поп итн, што со мене реплицираше и дали сметате дека тоа е процес на интеграција кога учениците ќе се разделат кога секој ќе си ги зеде своите чеда или смета тоа е процес кој што дезинтегрира во Република Македонија каде што ние на своите деца уште мали им кажуваме гледајте ние не сме исти ние сме различни. Иако сите 100% одите во веронаука очигледна е разликата меѓу нас. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра реплика се пријави пратеникот Незири Сафет, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам на вашата почит кон мене господине Жерновски, посебно и јас имам таква почит за вас, меѓутоа како и да е јас моите верски сваќања и социолошки и историски сваќања кон религијата се различни во однос на вашите. Вие многу добро знаете и во светот е така, меѓутоа да не даде господ во Македонија да има разлика во верите. Зошто во историја на религија некој припадник на исламската вероисповед да не знае нешто повеќе за православната вера или пак православниот да знае нешто повеќе за исламската вероисповест. И сите тие позитивни појави која што ја има една религија или пак другата религија, едната страна да не знае за таа. Јас мислам дека само на тој начин секој граѓанин, секој млад во Република Македонија може да се запознае, да се приближи и да ги види разликите на едниот со другиот и да се надминат истите. Не велам да се заљубуваат еден со друг, меѓутоа колку толку навистина да се приближи едната страна со другата страна затоа што Република Македонија е мултиконфесионална држава. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За збор е пријавен пратеникот Амети Вулнет, повелете.

**Вулнет Амети:** Благодарам почитувана потпретседателке, почитувани колеги.

Предлогот за донесување на закон за измени и дополнување на Законот за стручно образование и обука е императив на времето, априори е во согласност со стандардите со развиените европки држави.

Историските податоци докажаа дека поимот образование или учењето потеклото е уште од првите чекори на постоењето на човечкото општество. Човекот го чувствуваше како неопходност пренесување на собраното искуство и на седниците ги учеше за неопходни сознанија врз живот како и ги анкетираше во барањата и обичаите кои го уредуваат заедничкиот живот. Разликата се нагласи по раѓањето на државата. Училиштата се реорганизираа прилагодувајќи се на новите барања кои се надоврзуваат со раѓањето на науката како што беше астрономијата, геометријата, ариметриката и други.

Во древна Грција подржани во филозофијата на Платон каде бараше да се постигне објективот на Калос Гагатос што значи убав и здрав каде нагласува дека науката треба да се базира на содржината утврдена со јасни цели внатре во границите на секоја возраст.

Стручното образование и обуката се дел од образовниот систем кој обезбедува личен развој на личноста. Преку постигнувањето на надлежностите, знаењата и вклучување на пазарот на трудот или продолжување на образованието. Уште од 1960 година тогашните државни органи усвоиле резолуција за стручни кадри во науката и општествените науки. Оваа резолуција иницира отворање на многу училишни центри како стручни училишта за обука за профил и ниво. Тоа одеше на подобрување на квалитетот на воспитно образовната работа на ангажираниот кадар, наставната техника, кабинетите, лабораториите, просторот за работа, стопанствата и литературата.

Планот и програмите на центрите се интегрираа на разни начини во согласност со планот и програмите на стручното образование и наука. Во нашата земја се отворени многу училишта за стручно образование и обука по барање на времето и модерната технологија. Корелацијата на образовниот ситем на стручниот кадар по барање на стопанството нашиот развој да биде во согласност со издигнување на воспитно образовните институции во повисок степен на организација на наставниот процес кој успешно ќе се обезбеди како што следи, унификација на програмите, природно преоѓање на учениците од една во друга паралелка за време на образованието. Современо и функционално образование нудејќи европски стандарди.

Целите и обврските на стручното образование и обука се оспособени за работа односно за продолжување на образованието. Да обезбеди стручно образование и општа квалитетна настава во согласност со современата наука на образованието, технологијата и културата. Да даде можност за награда на стручните квалификации на соодветно ниво во согласност со барањата на пазарот на трудот. Да поттикне интерес за стручно образование и обука, да развива надлежности на знаења и способности за стручни активности на личноста како и самовработување во општеството во демократските начела. Да обезбеди основ на доживотна настава, организирање на стручно образование и обука врз начелата на образованието. Како што е начелото каде секоја воспитно образовна работа треба да се заснива на постигнатите резултати во образованието, технологијата. Динамичното начело во сите насоки каде животот тече брзо со една висока динамика, а динамика значи младост, перспектива и оптимизам. Економското начело да биде засновано на пазарна економија. Начелото на ефикасност претставува корелација со потрошениот износ и постигнатите резултати во пракса. Начелото на координација и основен дел на координација се активноста, работата и временскиот процес на комуникација, на типизација и индивидуалност со начелото на типизација подразбира типични стручни училишта, а под индивидуалност се подразбира поединечни знаци и печат на училиштето.

Во стручните училишта корелацијата помеѓу теоретскиот и практичниот дел во текот на наставниот процес е голем и неизбежен. Едната зависи од другата, нема теорија без пракса и нема пракса без теорија. Корелацијата помеѓу овие два фактори е голема.

Стручното образование и обука се дел од средното образование што овозможува

постигнување на стручна квалификација прва, втора и трета. Стручно образование по средното е дел од образовниот процес кој овомозува на лица кои се квалификувани со средно образование да постигнат четврто ниво на стручна квалификација.

Стручното образование и обука го прават државните институции, работодавците и социјалните партнери. Одговорни за стручно образование и обука се Министерството за образование и наука, општинските совети на градовите и прават анализа врз барањата на пазарот на трудот на локално ниво предлагаат за развој на планот и програмите, поднесуваат предлози за политиката на уписот на учениците во стручното образование и обука до Министерството за образование и наука.

Работодавците можат да вршат стручна обука на учениците доколку ги исполнуваат условите во согласност со договорот со институцијата односно училиштето.

Учениците се оценуваат писмено за извршената работа од дел на стручната обука. По завршување на завршната година учениците полагаат државна матура или завршен испит.

Јас ќе ги поддржам измените и дополнувањата на законот за стручно образование и обука. Ви благодарам на вниманието.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Славица Грковска Лошкова, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Благодарам потпретседателке.

Се надевам дека наредниот пат кога после пауза ќе биде на ред за збор пратеник од опозицијата исто ќе го чекате 10 минути како што го чекавте господинот Сафет Незири, за да дојде за да не му помине редот за дискусија. Се надевам дека ќе имате ист аршин за сите пратеници во Собранието, без разлика дали се од власта или од опозицијата.

Оваа дебата што ја водиме денеска за измените и дополнувањата на Законот за средно стручно образование мислам дека покажува само едно, а тоа е дека сугестиите и забелешките на опозицијата и до сега и за овој закон не се земаат во предвид. Јас не се согласувам со мојот колега Сафет Незири дека ние само критикуваме, а не даваме решение. До сега сме критикувале и сме нуделе решенија, меѓутоа, за жал, почитуван колега, вие сте биле во иста ситуација како и јас кога бевте во опозиција свесен дека решенијата кои вие лично сте ги нуделе како пратеник не само од областа на образованието и покрај тоа што биле добри не биле прифаќани од страна на власта.

Значи, потребна е политичка зрелост од страна на Владата на ВМРО ДПМНЕ претходно во коалиција со ДПА, сега во коалиција со ДУИ да прифати дека опозицијата дава добри предлози кои заслужуваат да бидат прифатени, а кои не предизвикуваат дополнителни проблеми.

За нас не било спорно стручното образование и неговата важност заради тоа што како политичка партија кога сме биле на власт сме го предложиле Законот за прв пат во Република Македонија.

Она што е спорно во овие измени е воведувањето на функцијата заменик директор на Центарот за стручно образование, заради тоа што сметаме дека е континуитет на политиката на Владата на ВМРО ДПМНЕ, за комплетна партизација во сите институции во Република Македонија. За жал, тоа продолжува и со оваа политичка гарнитура.

Не не добивме одговор ниту на Комисијата за образование, наука и спорт, од кои причини, врз основа на кои проценки, врз основа на кои анализи наеднаш Министерството одлучило да воведе ваква функција и како е можно воведувањето на ваква функција да не предизвика фискални импликации од Буџетот на Република Македонија. Да потсетам, кога ние бевме на власт, кога за прв пат се носеше Законот за средно стручно образование и обука не сметавме дека е потребно заменик директор во Центарот за стручно образование. Сега тоа се предлага и нема граѓанин во Република Македонија што не е свесен дека воведување на нова функција значи дополнителни средства. Во предлогот воопшто не стои дека заменик директор мора да биде лице кое е веќе вработено во Центарот, па да претпоставиме дека во тој случај дополнителни финансиски импликации воопшто нема да бидат потребни. Напротив, единствено што е потребно е потребно да биде наставник со најмалку 7 години работно искуство и да биде вработен најмалку 7 години во орган на управата надлежен за работите од областа на образованието.

Познавајќи ги состојбите во Република Македонија заменик директор сам по себе никогаш не функционира, тука ќе имате дополнителни фискални импликации за техничка секретарка, за шеф на кабинет, за возач итн., значи, сите оние лагодности кои еден функционер ги посакува за себе за да може да функционира. Ние повторно не добивме одговор на Комисијата, се надевам дека ќе добиеме сега, како и од кои средства, колку средства ќе чини функционирањето на заменик директорот на Центарот и од каде тие средства ќе се најдат. Имајќи во предвид дека во Буџетот во ставката за образование до сега не беа предвидени финансиски средства за функционирање на заменик директор на Центарот за средно стручно образование.

Ова го прашувам заради тоа што граѓаните имаат право да знаат за што се користат нивните пари со кои го полнат буџетот на Република Македонија.

Меѓутоа, се покажува дека продолжува неподносливата леснотија на Владата на ВМРО ДПМНЕ за трошење на средства на граѓаните за она што смета дека и е потребно или за популистички потреби, за мегаломански кампањи од милионски размери без никаков ефект или пак

за исполнување на меѓу партиските договори на партнерите во власта и за задоволување на коалициските договори внатре во владеачката коалиција.

Се разбира резултатот од ваквата политика на ВМРО ДПМНЕ и на коалиционите партнери е погубен прво за учениците, втора за наставниците, трето за сите родители, за граѓаните на Република Македонија и на крајот за државата заради тоа што ваквото катастрофално водење на политиката не само во образованието, но особено во образованието нема да донесе никакви позитивни резулати освен исклучително лоши последици по идните генерации. Не се води сметка за квалитет на образованието, туку се води сметка за задоволување на исклучително партиски договори помеѓу партнерите во власта.

Јас очекувам да добиеме одговор на овие прашања и се надевам дека пак нема да биде окарактеризирано како дебата на пратениците од опозицијата кои сакаат да критикуваат се. Вие гледате дека ние не спориме со тоа дека Центарот треба да стане правно лице, тоа е процес кој нормално се развива кој центарот треба да го добие, меѓутоа, има некои прашања кои имајќи во предвид начинот на кој можат да се толкуваат, треба аргументирано од страна на пртставникот на Владата да се објасни, а не да ги слушаме аргументите и коментарите на колегите од власта како се обидуваат да бранат одредени решенија без аргументи, наместо да го направат тоа претставниците на власта со сите оние аргументи и анализи што ги направиле, ако воопшто ги направиле претходно пред да дадат вакво решение.

Меѓутоа, стана пракса во владеењето на ВМРО ДПМНЕ кога има некој закон со добри решенија да се подметнат решенија кои се исклучително лоши и да се дефокусира дебатата наместо да имаме дебата за квалитетни решенија кои се нудат, ние имаме најчесто несогласувања за начинот на кој се предлагаат одредени решенија. Вие се сеќавате по комплетниот концепт на 9-то летката беше понуден како амандман од страна на Владата во време кога пратениците веќе немаа можност да поднесат амандмани, согласно Деловникот и тоа во текот на дебатата за воведување на веронаука која, знаете, ние бевме против сметајќи дека тоа ќе има сериозни импликации во сверата на образованието и излезе дека сме биле во право. Веронауката предизвика сериозни последици и тешки трауми кај учениците. Се врши голем притисок врз родителите без да им се дадат некакви материјали, принудени се да одлучуваат, не се почитува нивната желба и политиката на насилие која Владата на ВМРО ДПМНЕ ја промовираше во Собранието и институциите, сега ја практикува и врз родителите. Се надевам дека на родителите и на граѓаните на Република Македонија ќе им стане јасно дека таквата политика не води кон добро и дека на првите наредни избори ваквата политика на Владата ќе биде казнета. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Би сакала само да ви укажам дека забелешката што ја упативте на почетокот од вашиот говор не ја прифаќам, затоа што пратеникот кој беше на ред да говори тоа беше Сафет Незири, беше во салата, но она што ние го направивме што не почнавме, го чекавме претставникот на предлагачот, односно замeникот министер за образование.

Продолжуваме понатаму,

За реплика е пријавен пратеникот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам. Исто и благодарам и на госпоѓа Грковска за нејзиниот коментар во насока на тоа што беше моја дискусија, меѓутоа, јас мислам дека главен поттикнувач Владата да работи и да функционира како и парламентарната група на парламентарното мнозинство е опозицијата да ги каже своите забелешки, сугестии околу работата или неработењето на Владата на Република Македонија во конкретниот случај.

Меѓутоа, кога велиме партизација на центрите можеби е една традиција од минатото оти тие работи се правеле во минатото. Македонија е мала земја, таа нема 300 или 500 милиони жители, има над два милиони жители и никому не можеме да му кажеме дали си или не си политизиран.

Еден од условите што се предвидуваат во законот е дека треба да има 7 години работно искуство. Ако веќе има 7 години тој заменик директор треба да сфати дека работата треба да си ја врши на професионален начин без оглед дали е политички обоен или не е, дали има свои политички идеи. Јас се согласувам со госпоѓа Лошкова дека не треба да се партизираат образовните институции, но ние во прв ред нам ни треба човек кој ќе се постави на тоа работно место да ги даде потребните резултати без оглед какви политички, верски, национални чувства има истиот. Целта е професионално да си ја врши својата работа и сигурно на крајот на годината Министерството за образование и наука и ние ќе бидеме запознаени како Комисија за образование наука и спорт за работата на оваа институција. Врз основа на тоа ние ќе преземеме мерки за во иднина. Мислам дека тука нема ништо лошо затоа што гледам дека целата работа е околу заменик директорот и јас сум со вас дека навистина не треба да се поставаат луѓе партиски милитанти, туку да бидат луѓе кои навистина својата работа ја вршат професионално. Не случајно се бара 7 години работно искуство или професионалност. Кога се бараат 7 години колку толку и да не навлегол во наставниот процес доволно е што бил тука присутен и видел како одат работите во таквите институции каква што е Центарот за обука. Самиот знам како оди тој процес затоа што 10 години сум работел во наставниот процес и

мислам дека сме на иста линија, но треба да се согласиме дека треба да настојуваме навистина луѓето кои ќе се постават на раководни места да бидат навистина професионални, посебно во образовниот систем. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријавена госпоѓа Славица Грковска Лошкова, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Господине Незири, времето ќе покаже кога ќе го именувате заменик директорот на Центарот, дали сте во прав, или не, дали сте против партизација или сте за луѓе кои професионално си ја вршат работата. Ако тоа не е некој од членовите на ДУИ или на ВМРО-ДПМНЕ, тогаш ќе почнам да ви верувам дека почнувате како партнер во Владата на ВМРО-ДПМНЕ да ги менувате работите. Меѓутоа, самиот факт дека само во еден ден беа сменети сите началници на полицијата кои не беа од политичките партии кои што се сега во власта од ВМРО-ДПМНЕ, односно од ДУИ, не ми дава за право во овој момент да верувам дека почнувате да го сопирате процесот на партизацијата во сите институции во државата, вклучително и во образованието.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика се приајви пратеничката Виолета Ташева.

**Виолета Ташева:** Благодарам потпретседателке.

Пред да гокажам моето мислење по однос на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за стручно образование визави тезите кои колешката ги кажа. Кратко во оваа реплика би сакала тоа да го искажам. Станува збор за мене за еден Предлог закон за измени и дополнувања кој е по обем многу мал и опфаќа дел во кој она што тие го испуштиле во 2006 година со носење на Законот, а тоа е дека Центарот за стручно образование и обука има својство на правно лице, тоа е правно корегирано и токму во овој Предлог на измени се наоѓа. Инаку, секое правно лице во основа во својата структура има и човек кој е заменик директор и ќе ги извршува работите кои произлегуваат од видот на проблематиката со која се занимава Центарот за стручно образование.

Што се однесува до другиот дел што ценам дека е сосема нормално усогласување на законска легислатива која претходно сме ја усвоиле, а тоа е со Законот за прекршоци и тоа усогласување е дефинирано во три члена, односно во два члена од овој Предлог на измени и дополнувања на Законот за стручно образование. Во целиот текст на овој закон јас не ги гледам тезите кои колешката овде ги пласира. Ценам дека воопшто не се издржани од проста причина што до колку знае дека стручното образование е најобемното средно образование зафаќа некаде 60% од вкупно средно образование, дека има 26 различни видови на струки и над 1000 различни профили образовни, тогаш ќе и е сосема јасно дека таа обемна работа треба и има потреба од една организирана структура во Центарот за стручно образование кој може да се носи со реформите и со промените кои треба да настанат во осовременување на наставните планови и програми. Така што ценам дека политиките кои ги води Владата континуирано да врши усогласување на законската легислатива со усвоените закони во однос на други области, тоа е тоа што овде се случува и онеи грешки кои тие ги направиле во минатото, еве ние се трудиме на овој начин да ги искорегираме и на нашите граѓани да им понудиме максимално добри услови за образование. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За контра реплика се пријави пратеникот Славица Грковска Лошковска.

**Славица Грковска Лошковска:** Сакате да кажете дека било грешка што ние не сме предвиделе да има заменик директор во Центарот за стручно образование и не сме го дале тоа на човек од партиите кои што тогаш биле на власт? Тоа било грешка, па што сега ја корегирате? За човек кој што навистина ги познава состојбите во стручното образование е јасно дека таму треба комплетна структура на кадри кои што ќе се занимаваат и со програмите и со сите оние проблеми кои што произлегуваат во стручното образование и дека тоа не се врши со заменик директор. Заменик директор нема да ги има ингеренциите кои што ќе ги има било кој од вработените внатре кое што е факт и јас сум за тоа дека треба да се доекипира за да може да функционира како вистински независен центар по примерот на европските центри за стручно образование. Тука за мене ќе имате подршка. Меѓутоа, отварање на партиски позиции за партиски кадри, за тоа од мене нема никогаш да ја добиете подршката.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор пратеникот Андреј Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Благодарам почитувана потпретседателке.

Мислев дека кога веќе од Министерството не слушнавме ама баш никакво објаснување од потребата да се отвори простор за еден заменик директор во оваа институција за кое што расправаме денеска во однос на изменувањето и дополнувањето на Законот за стручно образование и обука. Очекував дека пратениците од парламентарното мнозинство ќе укажат зошто е толку потребно да ја имаме оваа промена. И многу тешко е, мене би ми било многу тешко до колку сум дел од парламентарното мнозинство да објаснам од каде одеднаш толку големата потреба да се отвори простор за работно место заменик директор и што е тоа што сега е толку итно за да тоа се случи? Меѓутоа, интересно е зошто се покрена, ќе праша некој, или некој од гледачите кој што не следи, ќе се праша себеси од каде толкава дискусија за едно ново работно место во Република Македонија. Нови работни места се отвораат секој ден. Мојот мотив да дискутирам, претпоставувамкако и на другите што

всушност се отвораат три вратички нови откако ќе се отвори оваа врата наречена ново работно место, ниту помалку, ниту повеќе заменик директор.

Едно е што тоа е продолжување на праксата после изборите интензивирана да се отворат работни места за луѓе со партиски бек граунд, за луѓе со партиски книшки, или блиски до оние кои што се во коалицијата на власт.

Второ е што ова е сосема спротивно од бенџмарк, или одредбите за кои што толку многу сите сме гласни дека треба да ги исполниме, или Владата ни кажува дека ги исполнува минимум 75%.

И трето, затоа што сите како пратеници овде во Собранието треба да инсистираме до крај на оваа расправа и јас уште еднаш ќе ја прашам заменик министерот да објасни и мора да објасните и се надевам претседателот на Парламентот ќе застане позади мојата дискусија, дискусијата на мојата почитувана колешка која што претходно дискутираше и на сите да објасни како е можно во овој закон се тврди дека Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука нема да предизвика дополнителни финансиски импликации. Почитувана заменик министер, вие мора ова да го објасните пред пратениците. Не заборавајте, тие ве избрале и вие одговарате пред нив за својата работа. Мора да одговорите. Ако кажете дека оваа личност нема да прими плата и сите што ќе работат околу таа личност нема да примаат плата, тогаш ќе ви верувам. Но, не е така. Тоа го знаете и вие. И ќе ве прашам јавно пред сите и не се доведувајте во ситуација да не одговарате, да објасните како е можно да нема финансиски импликации, односно граѓаните на Република Македонија да не одвојуваат од своите пари за плаќање на ова работно место. И ќе ве чекам до крај и ве молам да се јавите за збор. Очекувам сега да се јавите за збор. Но, ќе го потсетам претседателот и добро е што влезе сега, како изреагира за една друга законска одредба кога не се предвидуваа фискални импликации. И ако еден од новите министри примил плата за месец август, се знае што се случува со тој закон. Значи, дискутира во оваа насока и кога се носеше Законот за работни односи со јасна интенција да се отвори процес за нови партиски вработувања и Законот за надворешни работи кога се спуштаа, се симнуваа критериумите за да можат да се донесат партиски кадри. И сега е сосема јасно зошто се отвора ова место. Јас ако сакате можам и да предвидам од која политичка партија ќе се вработи, дали тој ќе биде близок со политичката партија, но тоа ќе го кажам на крај.

Најновата иновација, тоа е цел проект на Владата гласи сега преку член 2, се објавува јавен оглас за именување заменик директор. И ќе видите дека ќе следува серија на работни места под закрилата на терминот заменици директори и заменици раководители и т.н. Но, тоа нема апсолутна врска со реформите што ги прави Владата. Мене не може никој лично да ме убеди дека компјутерите беа за секој ученик со мотив да се направи реформа. Мотивот се 24 милиони евра од кои што почитувани колеги 60% е веќе падната вреднсота, а не функционираат, или сеуште дел од нив седат во складиштата. Мотивот на веронауката е исто така знаете колку нови вработувања? Точно 150. Што мислите? Некој од опозицијата ќе се вработи, или некој што е независен? Не. Сега упорно и упорно се кажува како ние ги исполнуваме одредниците бенџмарк од она што треба да го исполниме. Некој, заменик министерот кој што е задолжен за евроинтеграции нас ни кажа дека 75% се исполнети. Два од овие 8 се посветени токму на вработувањата. Ќе ви го прочитам шестиот бенџмарк, шестата одредница. Вели: да се обезбеди, значи програмата Владата што ги презема како мерки и активности за реализација на приоритетите, тоа е она што Европска унија го бара од нас. Вие знаете кога се моментите кога се пишува конечниот извештај за Република Македонија од страна на Европската комисија, односно од страна на Европската унија. Цитирам: вработувањето и напредокот во кариерата на државните службеници нема да бидат предмет на политичка вмешаност дополнително да се зајакне системот на напредување во кариерата заснован на заслуги, мерит системот, не по партиска линија.

Второ, тој е седмиот вели: особено да се обрне внимание на невработеноста кај младите и кај лицата што се невработени во подолг период. Значи овој пакет на закони што упорно Владата ги лиферува во ова Собрание, го употребувам зборот лиферува, затоа што тие се гласаат автоматски. Може да се почека барем после извештајот на Европската комисија за Македонија. Ако некој мисли дека овде не гледа ние што правиме во Република Македонија и како се отвораат нови работни места и за кого се отвораат нови работни места, тоа е лично наивен пристап на секој од активните и актуелните политички лидери кои што се наоѓаат во Владата, односно во парламентарното мнозинство. И како сега да го убедиме Брисел дека ние ги исполнуваме овие бенџмаркси и дека навистина во Република Македонија се вработуваат луѓе кои што единствено ќе напредуваат според системот заснован на заслугиете, или напредувањето во својата кариера, заснован врз квалитетот. Не. Очигледно се отвораат работни места за оние кои што имаат партиска книшка. Затоа ќе предложам, ако сакате, јас сум спремен и да се опкладам, се надевам ќе ја изгубам опкладата, дека овде ќе се вработи кадар кој што ќе има и тоа како таков партиски бек граун и ќе ви кажам точно од кој партнер ќе бидат. Ќе биде од ДУИ. И затоа не треба да не чуди што имаме од еднаш толкава активност на дискусии и реплики од страна на пратениците на ДУИ. Јас тврдам дека ќе биде од ДУИ. Ако грешам, ќе се извинам пред целата македонска јавност.

Почитувана заменик министер, гледам не се пријавувате. Ве молам, уште еднаш да објасните

како е можно ова ново работно место не предизвика дополнителни финансиски импликации. Не знам зошто не се јавувате за збор, ве прашуваат пратениците. И претседателот на Собранието треба да ве праша. Претседателот на Собранието на Република Македонија кога дискутиравме по една друга точка вети дека отсега ќе реагира на вакви предлози. Ќе ве потсетам, дискутиравме во Собранието на Република Македонија за новото министерство, тоа е Министерството за информатика. И тогаш, во Законот имавме елаборација, односно немавме никаква елаборација какви финансиски импликации ќе предизвика за Буџетот. И реков, ако новиот министер примил плата, готов е со тој Закон, се знае каде ќе заврши и како ќе заврши. Ова се случува повторно во Собранието на Република Македонија. И не е битно, дали сум претставник на опозициона партија и од која опозициона партија, или сум претставник на парламентарното мнозинство, мислам дека треба да се јавите и да кажете како оваа промена на Законот нема да предизвика финансиски импликации. Реков, ако кажете дека човекот нема да прими плата, јас тогаш ќе се повлечам. Сметам дека сите во Собранието на Република Македонија како пратеници треба да инсистираме овие текстови кои што доаѓаат во вид на предлог од Владата да бидат издржани и да бидат логични, затоа што ако се отвора ново работно место, а се тврди дека тој човек нема да земе плата, тогаш веќе разговараме навистина на еден крајно сомнителен начин.

На крај, би сакал да ве уверам дека отворањето на нови работни места и ставањето на партиски кадри на новите работни места, или на старите, бидејќи според Законот за работни односи тие нема да најдат нови работни места, туку партиските кадри ќе дојдат на местата на оние што ќе се избркаат. Создавате мал круг на задоволни луѓе. Но, верувајте истовремено создавате огромен круг на незадоволни луѓе кои што се свесни дека не можат да напредуваат затоа што се квалитетни, кои што не напредуваат затоа што не се членови на ниту една политичка партија, туку не можат да напредуваат затоа што немаат партиска книшка и дека наместо нив напредуваат оние кои што се членови, симпатизери и т.н. Верувајте дека барем јас, или Либерално демократската партија внимателно ќе го следи процесот на тоа кој ќе се вработи, како ќе се вработи и со каков партиски бек граунд. И многу лесно ќе излезе вистината на виделина, дали се отвора ова место за некој стручен, искусен, компетентен, непартиски член, или всушност треба да се вработи некој партиски кадар за да се реализираат меѓукоалиционите договори. Јас уште еднаш останувам во надеж дека конечно ќе го видам притиснато копчето од страна на претставникот на Министерството за да ни објасни што е со финансиските импликации. Ако не се јавите, тоа е прво непочитување на Собранието, непочитување на оние кои што ве избрале, почитувана заменик министер. И на крајот на краиштата тоа зборува многу за односот на Владата кон пратениците, но уште повеќе кон граѓаните на Република Македонија кои што ќе го плаќаат овој човек од свои пари.

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јави госпоѓа Виолета Ташева.

**Виолета Ташева:** Јас повторно се јавив за реплика, затоа што се чувствувам одговорна да дадам едно појаснување. Потекнувам од фелата на образование, особено стручното и мислам дека моето мислење и моите видувања се компетентни за една ваква дискусија. Господине Андреј Жерновски, за ваше потсетување во 2004 година ова Собрание донесе Одлука за земање заем кој требаше да биде наменет и беше наменет за проект за развој и модернизација на образованието. И токму овој Закон, Законот за стручно образование произлегува од тој проект кој вие го гласавте во тоа време. Што значи дека тогаш најверојатно образованието не би била област во која сте работеле и внимателно сте ја следеле и едноставно можеби и не ве интересирала. Но, тоа е ваша работа. Во 2006 година, значи две години после донесувањето на тој заем за проектот за развој на образованието и модернизација на образованието, вие повторно сте гласале во ова Собрание Закон за стручно образование. Пропустите што вие сте ги направиле очигледни се и денеска за нив дискутираме, а до колку внимателно сте го прочитале Законот, во него пишува точно кои се извори на финансирање има Центарот за сстручно образование. За вас, еве како една препорака, прочитајте го вниамтелно изворниот законик на кој се однесува денеска овој Предлог за изменвуање и дополнување на Законот за стручно образование и таму ќе ги најдете одговорите за кои вие упорно прашувате, а јас се сложувам со заменик министерката. Навистина не гледам причина како е возможно повторно да ви се објаснува кога вие немате елементарни информации, бидјеки не сте го прочитале Законот и не ја познавате областа. За мене е јасно дека овој Предлог на закон е потребен и за него вашите пратеници од опозицијата на собраниското тело Комисијата за образование, наука и спорт гласаа позитивно за овој Предлог. Така што колега навистина вие ќе треба освен што треба да се информирате и да се консултирате за вашиот став. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика се јави господинот Андреј Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Мислам дека умешноста на еден пратеник е реално да ги гледа законите, или предлозите на законите за изменување и дополнување и да ги чита текстовите и да не става едни наочари кога е во позиција, и едни наочари кога е на власт. Прво, јас можеби имам некоја моја верзија, ама верувам дека и вие ја имате истата верзија каде што под број 4 во образложението се вели, каде што секогаш освен кога се отвораат нови работни места наречени нови министерства каде што се потребни

финансиски средства за спроведување на законот, вели, уште еднаш ќе ви цитирам по не знам кој пат, дека Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука нема да предизвика дополнителни фискални импликации.

Впрочем, тоа што вие се јавивте, а не заменик министерот само ја потврдува мојата теза, јас чекав да се јави дамата во пурпурните седишта, а не вие. Кога ќе станете заменик министер, ако станете, тогаш со задоволство ќе разговарам со вас и ќе ви реплицирам. Требаше да се јави некој друг, а не вие.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор констатирам дека претресот е завршен.

На Собранието му предлгам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник. Од нив за предложениот заклучок гласаа 58 пратеници, од гласањето се воздржаа11 пратеници, против гласаа двајца пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници. Од нив за предлогот гласаа 58 пратеници, од гласањето се воздржаа 9 пратеници, против гласаа двајца пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 2 став 1 за менување на воведната реченица и на став 2, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Роза Топузова Каревска поднесе амандмани за бришење на членовите 2 и 3 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 2, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за образование и наука, повелете.

**Линдита Ќазими:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се пријави и има збор госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска**: Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитувана заменик министер за образование и наука,

Амандамнот го поднесов како конкретен предлог на она што го дискутирав и кога зборувавме за првата фаза за предлогот, за потребата за донесување на ваков закон.

Дека пратениците од ЛДП имаат конкретни предлози, а не зборуваат само за да одземат 10 минути од забрехтаната “Преродба во 100 чекори” зборува и ова дека законите ги читаме и поднесуваме амандмани. Да повторам, за оние кои не го виделе и не го прочитале законот, овој закон точно има 6 членови од кои што во првиот член е направен пропуст при носењето на законот. Не е ништо страшно да се направи, да се признае, ако нешто се погрешило и се направи сега корекција. Не е нешто со кое се нанесе невидена штета на Република Македонија, не е нешто со кое што Република Македонија се уназади на патот кон евроатлантските интеграции, тоа е нешто што може реално да се случи и затоа дадов подршка на тој член токму поради тоа што зборуваме со силата на аргументите.

Членовите 4, 5 и 6, за оние што повторно ќе кажам не прочитале, се однесуваат на усогласување си Законот за прекршоци. Законот за прекршоци е подоцна донесен и нормално е сега да го усогласиме. Меѓутоа, што е проблемот? Проблемот е потребата кога ја дефинира Министерството за донесување на овој закон што ги наведува овие две работи што сега ги споменав: Усогласување со законот за прекршоци и пропустот кој што е направен при донесувањето на овој закон односно 2006 година. Меѓутоа, членовите 2 и 3 ги нема никаде во образложението, а всушност тие се суштински за донесување на овој закон, да се воведе заменик директор. И не знам зошто не воведовте и заменик на заменик директор, така ќе удомевте уште еден активист на партиите на власт. Не се работи за работни места за млади стручни и компетентни луѓе, се работи за работни места на партиски кадри кои треба - се извинувам, можеби на блиски роднини на партиски функционери - да заземат една ваква функција. Јас не навлегувам и не ме интересира од која партија ќе биде, апсолутно не е важно, важно е дека вакво место на една ваква институција апсолутно не е потребно. Како може да нема финансиски импликации? Зарем ќе биде овој волонтер. Се работи и прашавме неколку партии дали овој ќе биде волонтер.

Затоа,почитувани колеги пратеници, мојот предлог на амандамнот е да се брише членот 2. Дали ги спoивме претседателе амандманите?

**Трајко Вељаноски:** Не, одделно се.

**Роза Топузова Каревска**: Во овој случај со првиот амандман предлагам да се избрише членот 2 и со тоа да се исправи пропустот што е

направен и да се усогласи со Законот за прекршоци, меѓутоа нема потреба од воведување на нови работни места.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓица Мехмети Ермира, повелете.

**Ермира Мехмети**: Ви благодарам господине претседателе.

Внимателно го слушам забелешките кои се упатуваат во врска со измените во Законот за стручно образование и обука. Поголемиот дел од забелешките е во однос на прашањето до колку еден заменик директор кој ќе се назначи со создавањето на ново работно место, ќе се отвори место за да се направат назначувања на партиски кадри, начелно една ваква забелешка не држи или не стои. Не држи затоа што секоја од политичките партии во својата традиција на демократски плурализам во Република Македонија на функциите на директор и заменик директор назначувала врз основа на поделбата на власта. Доколку ние сакаме да бидеме фер и коректни до крај тогаш треба да признаеме дека сите политички партии функцијата на директор и заменик директор ги делат врз основа на ваквите договори. Овас подразбира дека ваквите функции според една дефиниции се функции, политички функции и затоа мислам дека начелно не стои големото инсистирање создавањето на овој центар или на оваа функција со измените на законот ќе има само една цел, да се создаде работно место за еден потенцијален кадар. Прво, никој не може да знае од сега дали оваа функција ќе се додели на партиски кадар, ова е само во рамките на претпоставки, на политички маркетинг кој се прави овде и второ, доколку е вака и доколку е толку голем проблем, тогаш ве молам дами и господа сите заедно да направиме еден начелен договор деке сите политички партии ќе се откажат од политичките функции или политичките назначувања на директори и заменици директори. Мислам дека еден ваков договор или среќа независно од интересите не и одговара на ниту една од политичките партии. Затоа, врз основа на моменталниот интерес партиите се спремни да ги бранат и да ги напаѓаат овие функции.

Затоа, ве молам за начелен пристап и доколку навистина има забелешки во однос на содржината на законот, тогаш нека бидат квалитени измени и предлози, нека бидат други забелешки, но не експлозивно инсистирање дека оваа функција се отвора за да се задоволат апетитите на една или друга политичка партија. На крајот партиските апетите се задоволуваат на други нивоа, а не со една функција на заменик директор. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска**: Благодарам почитуван претседателе.

За жал, дебатерските способности кога се нема аргументи не можат да помогнат многу во дискусијата и не се работи за тоа дали ќе бидат партиски кадри или не, како било и како се решавало, бидејќи јас не реков дека не било така, меѓутоа имаме воведување и отворање на нови места. И не е само тука. Ви покажав еден од законите кој следи за технолошки индустриски развој, и тука имаме воведување па прашав уште колку ќе се воведат. Само да ве потсетам почитувана колешке, кога беше на власт коалицијата СДСМ, ПДП и ДУИ тогаш се укинаа многу заменички места, тоа е разликата. Сега воведуваме нови заменички места за кои ќе има финансиски импликации, а веројатно партиските апетите се големи и јас ќе бидам многу среќна ако овде не биде вработен партиски кадар. Тогаш навистина на сите пратеници од парламентарното мнозинство ќе се извинам, но ако биде спротивно барам извинување од вас.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 10 пратеници, еден пратеник се воздржа, против гласаа 56 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 2 поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Отварам претрес по амандманот за бришење на член 3 поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за образование и наука, повелете.

**Линдита Ќазими:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се пријави и има збор госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска**: Благодарам почитуван претседателе.

Со оглед дека овој амандман е поврзансо претходниот амандман кој не помина, очигледно се нема желба да се откажеме од уште едно партиско вработување и веројатно партиските апетити се преголеми така што очекувам дека ќе имаме уште многу закони каде што ќе имаме воведување на замици директори, некаде и заменици на замениците и нивни помошници така мислам дека ќе биде подобро и во иднина јас ќе предложам амандмани за да бидат прифатени од парламентарното мнозинство да имаме заменик на заменикот директор, мислам дека е тоа во

начинот како функционира оваа коалиција и тогаш очекувам подршка.

За да не губиме од времето и во интерес на реформите јас ќе го повлечам овој амандман. Благодарам .

**Трајко Вељаноски:** Благодарам колешке.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Во односна вашиот предло дека ќе предложите заменик на заменик, ќе се потсетиме, па ќе видиме времето ќе покаже.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам деак согласно точка 2 од Амандманот 10 од Уставот на Република Македонија и член 11 став од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници. Од нив за Предлогот на законот гласаа 53 пратеници, од гласањето се воздржаа 9 пратеници, против гласаше еден пратеник.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 9 пратеници. Од нив за Предлогот на законот гласаа 8 пратеници, од гласањето се воздржа 1 пратеник, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука.

**Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон ..**

Процедурално има збор госпоѓа Иванова Цветанка повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Согласно член 78 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, ви име на пратеничката група на СДСМ барам точката под реден број 11 - Предлог за донесување на закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили н а Република Македонија и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон да биде 10-та точка, значи сега следна за разгледување, а Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за странци да биде 11-та точка.

Ова го барам од причини што сметам дека денес овој закон треба да го завршиме со оглед на важноста и со оглед на тоа што 30 илјади граѓани ја подржале оваа иницијатива.

Барам подршка од 10 пратеници.

**Трајко Вељаноски:** Дали има поддршка од 10 пратеници?

Има поддршка од 10 пратеници.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, за предлогот гласаа 12, воздржани 8 пратеници, против 41 пратеник.

Констатирам дека предлогот не е прифатен.

**Минуваме на точка 9 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за ученички стандард, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот, да се пријават за збор.

(Тече минута на чекање)

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за ученички стандард.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, од нив за предложениот заклучок гласаа 63 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници, од нив за предлогот гласаа сите 56 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Молам, службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 64 пратеници и гласањето е полноважно.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот на текстот на Предлогот на законот, да се пријават за збор.

(Тече минута на чекање)

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на предлогот на законот е завршен.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, од нив за предлогот на законот гласаа сите 62 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 10 пратеници, од нив за предлогот на законот гласаа сите 10 пратеници, не се воздржа никој, против никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на законот за ученички стандард.

**Минуваме на точка 10 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за странците, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот, да се пријават за збор.

(Тече минута на чекање)

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за странците.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници, од нив за предложениот заклучок гласаа 59 пратеници, нема воздржани, нема против.

Службите, молам, да утврдат точен број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници и констатирам дека гласањето е полноважно и констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласа 63 пратеници, од нив за предлогот гласаа сите 63 пратеници, не се воздржа никој, против никој.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Роза Топузова-Каревска поднесе амандмани за менување на член 11 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 11, поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска под архивски број 07-3650/2.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи, повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

(Тече минута на чекање)

За збор се јави госпоѓа Топузова-Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитувана министерке за внатрешни работи.

На самиот почеток сакам да кажам дека за потребата за донесување на овој закон пратениците од ЛДП гласавме за потребата и сметаме дека е добро да се донесе ваков закон, иако можеби имавме и некои други забелешки околу самиот закон. Но, со оглед на тоа дека суштинската работа, новина или законска одредба која што се воведува со овој закон е државјанинот, земјите членки на Европската унија и потписници на Шенгенскиот договор да можат да влезат во Република Македонија и со важечка лична карта ако ги исполнуваат условите за влез на странец од став 1 итн. Сметаме дека ова е добро и со оглед на тоа дека во образложението стои дека претставува еден чекој кон приближувањето на Република Македонија кон Европската унија, нашиот став, ставот на ЛДП дека над сите закони, законски решенија кои што без разлика колку малку да придонесуваат во насока на нашите евроатлански интеграции, ние ќе дадеме поддршка. Тука немаме дилеми, без

разлика дали сметаме дека тоа не е многу значаен чекор, но реков без разлика колку и да е ние ќе дадеме поддршка во таа насока.

Меѓутоа, на што се однесуваат моите амандмани?

Почитувани колеги пратеници,

Јас говорев и на Комисијата за политички систем и колегите кои беа присутни ја слушнаа мојата дискусија, но јас ќе ја повторам за другите. Имено, што е членот 11. Членот 11 овде даде прави незначителни измени во членот 153 односно после бројот член 21 воведува алинеја 3, 4 и 5. Но, кога веќе сме кај овој закон, мислам дека нема потреба, туку треба сега да го направиме тоа, а не по неколку седмици повторно да дебатираме при измената на казните. Членот 153 во кој што се прави измена и каде што јас интервенирам се однесува на паричните казни кои што се предвидуваат за прекршоци и ќе набројам зошто, кои што изнесуваа 30 до 50 илјади денари. Ве молам, почитувани колеги, да бидеме сосема внимателни, затоа што се работи за многу важна материја, се работи за безбедноста на нашата земја и вели дека ќе плати парична казна од 30 до 50 илјади денари ако недозволено влезе во Република Македонија, престојува во Република Македонија спротивно на целта на која му е издадена визата или дозволата за престој. Во издадената виза ако ги избрише податоците и не ја напушти територијата на Македонија во рок што му е определен според визата, се движи и престојува на одредено подрачје каде е ограничено или забрането движењето и престој на странци, незаконито престојува во Република Македонија, го напушта прифатниот центар кој што сега овде се воведува, иако веќе ако таков постои, но ајде и за тоа нема да дебатираме, да не биде дека само сакаме да зборуваме контра законските решенија, иако имаме аргументи, својата исправа ја даде на послуга на друг или се послужил со туѓа исправа, својата исправа ја даде во залог заради ненамирени обврски кон државните органи правни или физички лица, во исправата изврши менување, бришење или исправување на податоци итн. Ве молам, почитувани колеги пратеници, зарем за вакви сериозни нарушувања на законот е доволна казна 30 до 50 илјади денари. Само да ја потсетам македонската јавност, впрочем и вас да ве потсетам, ако не го исчистил снегот во рок од 6 часа откога тој почнал да паѓа, тогаш ќе плати поголема казна правното лице од ова што овде пишува или одговорното лице. Исто така, одговорното лице или правното лице ќе плати три пати поголема казна доколку не ставил тоалетна хартија во тоалетите или доколку не наместил апарати за сушење на рацете. Јас не велам дека ни треба хигиена и чистота, да ни треба, сите се залагаме да имаме чиста држава и сите сакаме да живееме во чиста средина, но сепак безбедноста на Република Македонија ми се чини дека е поважна од тоалетната хартија или исто толку ќе плати прекршок доктор кој што на пациентот не му се претставил на нему разбирлив начин или не му овозможил во болница да врши верски обреди или пак да слуша транзистор и радио кога што тој сака да слуша. Ве молам, кога законите се следат и се читаат, можеби моја грешка е тоа што ги читам законите и ги следам и правам компаративни анализи како помеѓу другите држави, така и меѓу самите закони. Велам, можеби тоа е грешка, но за жал јас не ги користам законите за потпалување на оган, туку ги користам за читање. Навистина, овие казни на никого нема да го замислат дали ќе го направи овој прекршок, знаеме за што се може да се фалсификува патна исправа и што 30 илјади денари затоа што фалсификувал патна исправа, затоа што нелегално влегов во Република Македонија итн. Ние што сакаме да кажеме со ова? Од друга страна нормално бараме од Брисел да имаме безвизен режим. Да, треба да имаат граѓаните, треба конечно да можат слободно да патуваат. Но, мораме некои работи да ги регулираме во нашите закони и мораме и сами да си ја штитиме нашата земја. Дали со ова ние сме уверливи пред Брисел или праќаме поинаква порака. Како ние ја заштитуваме нашата земја. Апсолутно никако. Оваа казна јас би сум ја платила доколку имам не дај Боже некои намери да направам прекршоци од овој тип што се овде наведени. А, од друга страна реков, драконски мерки за оние прекршоци кои што многу помалку се сештински за опстојувањето на Република Македонија и за нејзиниот економски и евроатлански напредок.

Затоа, очекував дека почитуваната министерка ќе го прифати овој амандман. Во овој амандман јас давам можност со парична казна, глоба или како сакате кажете ги, од 1000 до 4000 илјади евра се казнат за овие прекршоци.

И мислам дека ќе се сложите сите дека е тоа реална казна за еден ваков прекршок. Тука имаме и прекршоци во овој амандман, во овој член кој што не се под еднаква тежина и затоа јас поднесов уште еден амандман каде што ги поделив, но ајде можеби јас не сум толку стручна и компетентна и сум погрешила, затоа го дадов овој амандман каде што Министерството ќе може да одлучува колкава казна ќе изрече. Мислам дека ова е несериозно да не се прифати овој амандман само заради тоа што доаѓаат од пратеник од опозицијата. Овој амандман е добар и само го подобрува квалитетот на законот. во ниеден случај не е контрапродуктивен, не се работи за нешто да сакаме некоја идеа да ја нарушиме или суштината да ја смени на законот. Ја прифативме суштината кажавме дека е добар, меѓутоа секој и малку што размислува во таа насока ќе сфати дека 30 до 50 илјади евра е малку за овој тип на прекршок. И со ова докажуваме колку ни е важна Република Македонија, колку ни е важна безбедноста на нашата земја. Треба да зборуваме аргументирано, а не само декларативно. Декларативно многу е лесно да кажеме дека ја сакаме нашата земја и со наплив од

неопатриотизам да парадираме пред народот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 9 пратеници, 1 воздржан, 50 пратеници гласаа против.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник, полноважно е гласањето.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 11, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска, под архивски број 07-3650/2.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 11, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска, под архивски број 07-3650/3.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи, повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се јави и има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Кога почитуваната министерка не го прифати претходниот амандман, а и парламентарното мнозинство не даде подршка, да бидам искрена се понадевав дека можеби пратениците од парламентарното мнозинство го прочитале вториот амандман, а и министерката истото го направила и најверојатно оцениле дека ете со она што јас врз основа на компаративните искуства сум направила добар амандман и успешно сум ги поделила според тежината прекршоците и во однос на извршената казна и затоа што амандманот е следен, јас предлага со парична казна од 2000 до 4000 евра во денарска противредност да се казни странец ако не дозволено влезе во Република Македонија, во издадената виза ги избрише или ги промени податоците, незаконито претстојува во Република Македонија, својата исправа ја даде на послуга на друг или се послужи со туѓа исправа како своја, својата исправа ја даде во залог поради ненамирени обврски, во исправата изврши менување, бришење или исправање на податоци на забелешките, како и менување на фотографијата и потписот на исправата и на барањето на обrastеното службено лице на Министерството за внатрешни работи не може да го докаже својот идентитет. Мислам дека овие прекршици се доволно големи да повлечат една ваква казна и потоа давам уште еден став каде што велам дека со 1000 до 2000 евра во денарска противредност се казни странец ако престојува во Република Македонија спротивно на целта на која му е издадена визата, не ја напушти територијата на Република Македонија во рок кој што му е определен, се движи и престојува на одредено подрачје кое е ограничено за престој на странци, го напушти прифатниот центар, користи исправа која е внесена во евиденција за изгубени и исчезнати, на барање на овластеното службено лице на Министерството за внатрешни работи одбива да ја покаже исправата со која го докажува идентитетот и престојот. Значи ги градирам поголеми и повисоки и пониски казни во однос на тежината на прекршокот. За жал, очигледно е дека со неприфаќањето на амандманот од страна на министерката и пратениците покажавме дека безбедноста на Република Македонија ни е помалку важна како што реков од исчистениот снег и тоалетната хартија каде што имаме далеку повисоки казни и со оглед на тоа дека да не излезе дека гласањето на овој амандман како што не очекувам дека ќе добијам подршка е поважен и од 11-тата точка која што следува Законот за обештетување за правата на припадниците на безбедносните сили, а со оглед на тоа дека гледам дека кворумот е се помалку и помалку остануваат луѓе особено од парламентарното мнозинство ја напуштаат салата, во името на тоа јас ќе го повлечам овој амандман се со единствена цел да има време, доволно време, бидејќи претставникот од здружението цел ден е тука да можеме да ја отвориме расправата по точката за припадниците за безбедносните сили на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачите и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници. Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 62 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за странците.

Тука ја прекинувам седницата и за продолжетокот на оваа седница дополнително ќе бидете известени.

(Седницата прекина со работа во 17,02 часот)